МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

КОГНИТИВЕН РАСТ И РАЗВОЈ КАЈ ДЕЦА ОД ПРЕТШКОЛСКА ВОЗРАСТ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Кандидат: Ивана Богеска

Ментор: проф. д-р Сашо Кочанковски

Битола, 2020

Комисија за одбрана на магистерскиот труд:

МЕНТОР:

Проф. д-р Сашо Кочанковски

_____

Редовен професор на Меѓународниот славјански универзитет

Гаврило Романович Державин – Свети Николе – Битола

ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА:

Проф. д-р

_____

Редовен професор на Меѓународниот славјански универзитет

Гаврило Романович Державин – Свети Николе – Битола

Проф. д-р

_____

Редовен професор на Меѓународниот славјански универзитет

Гаврило Романович Державин – Свети Николе – Битола

НАУЧНА ОБЛАСТ:

ДАТУМ НА ОДБРАНА:

ДАТУМ НА ПРОМОЦИЈА:

Благодарност

Изразувам голема благодарност до проф. д-р Сашо Кочанковски кој ми помогна при изработката на дипломската работа, како и за укажаната пддршка во текот на моето студирање и магистрирање.

Голема благодарност до моето семејство и моите најблиски за безрезервната поддршка во текото на моето студирање и магистрирање

Со почит

Ивана Богеска

Апстракт

Децата се двигател на нашето општество, пред сè, од аспект на тоа дека на нив останува иднината на нашата општествена заедница. Кога станува збор за развојот на детето уште од најрани и најмлади години, се мисли на целиот процес и на сите промени што се случуваат кај детето за време на неговиот развој, што го унапредуваат и притоа му обезбедуваат подобра рамнотежа, поголемата стабилност, како и ефикасност во средината во која расте. Растот и развојот на детето директно се гледаат низ промените што се случуваат на биолошко, на психичко како и на социјално поле.

Промените директно и индиректно се поттикнати, како од внатрешни, така и од надворешни фактори. Внатрешните фактори, од друга страна, се поврзани со генетскиот запис, со она што детето го наследува преку гените од своите родители и предци. Надворешните фактори, пак, се поврзани со карактеристиките и специфичностите на примарната (родителот, семејството) и поширокаta социјална средина (групата, заедницата, како и општеството на кое му припаѓа семејството).

Карактеристиките, а исто така и специфичностите на примарната и поширокаta социјална средина се одредени од културата, религијата и традицијата на која ѝ припаѓаат, но и од моменталното ниво на развој, морално-вредносниот систем, како и организацијата на општеството во целина.

Растот и развојот се континуирани, а поради постоењето на овие фактори, сепак, се специфични и различни за секое дете поединечно. И покрај индивидуалноста, сепак, може да се забележи дека развојот се одвива низ неколку фази кои, пак, се слични за секое дете уште во претшколска возраст.

Клучни зборови: деца, претшколска возраст, когнитивен раст, когнитивен развој.

Abstract

Children are the driver of our society, primarily because they have the future of our community. When it comes to the development of a child from the earliest and youngest years, it refers to the whole process and all the changes that occur during the development of the child, which improve and provide better balance, greater stability and environmental efficiency. in which it grows. The growth and development of a child is directly reflected in the changes taking place in the biological, psychological and social fields.

Changes that are directly and indirectly driven by both internal and external factors. Internal factors on the other hand are related to genetic

a record of what a child inherits through the genes of their parents and ancestors. External factors, in turn, are related to the characteristics and specifics of the primary (parent, family) and the wider social environment (group, community, and society to which the family belongs).

The characteristics as well as the specifics of the primary and wider social environment are determined by the culture, religion and tradition to which they belong, but also by the current level of development, the moral value system and the organization of society at large.

Growth and development are continuous, and due to the existence of these factors, however, they are specific and different for each child individually. Despite the individuality, however, it can be noted that development takes place in several stages, which are similar for every child in pre-school age.

Keywords: Children, Preschool Age, Cognitive Growth, Cognitive Development

Содржина:

1. ВОВЕД.....
2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА.....
3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....
4. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ НА РАБОТА.....
   4.1. Материјали на работа.....
   4.2. Методи на работа.....
5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ.....
6. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....
7. ПРИЛОЗИ.....

1. ВОВЕД

Развојот на една личност, сè до нејзиното целосно формирање започнува уште од најрана возраст. Уште од самото раѓање детето почнува да го запознава светот и да се развива во една средина со што започнува градењето на неговата личност сè до нејзино целосно формирање. Формирањето на личноста започнува од раниот детски развој врз кој влијаат низа надворешни и внатрешни фактори. Самиот процес на развојот на на една личност се однесува на тоа како организираните модели на однесувањето кои директно или индиректно ја сочинуваат уникатната личност на секој човек се појавуваат со текот на времето. Врз развојот една личност влијаат многу фактори, вклучувајќи ги и генетиката, животната средина во којашто личноста расте и се разввива, родителството и општествените варијабли. Можеби најважна од сè е тековната интеракција на сите овие влијанија кои со текот на времето продолжуваат да ја обликуваат личноста при што таа се развива сè до нејзиното целосно формирање.

Проблемите на развојот (развитокот) спаѓаат во основните научни прашања и интереси на секоја наука, па така и на педагогијата. Така, на пример, биологијата ја интересираат прашања за развојот на организмот, физиката развојот на природниот состав, медицината развојот на здравјето и болестите, социологијата развојот на општеството, психологијата развојот на психичките процеси итн. Со истражување науката ги открива законитостите на развојот, ги утврдува факторите на развојот, нивната улога и влијание на развојот. Педагогијата не е наука како математиката, природните науки или психологијата, нејзината предметност не е строго одредена (прецизирана). Со одредувањето на педагогијата како наука за воспитанието или наука за образование, воспитание и обучување (за оспособување) ја сместуваме во науките кои се занимаваат со проблемите на развој на човекот. Со развојот на човекот се занимаваат многу (речиси сите) науки: антропологијта, психологијата, филозофијата, генетиката, психологијата, социологијата, медицината, кинезиологијата, ергологијата, филозофијатаи други, но секоја од свој аспект. И, додека во другите науки релативно лесно се утврдува (прецизира) аспектот на разбирање на човекот како предмет на истражување, со педагогијата во тој поглед имаме одредени тешкотии.

Постојат различни мислења, всушност се поставува прашањето дали човекот прво се развива или прво се формира, или овие процеси се одвиваат во исто време; потоа кои се факторите и како влијаат на неговиот развој како индивидуално и општествено суштество и колку во педагошка смисла се „обликува“. Расправајќи за проблемот на развојот како педагошки проблем, Џон Девеј (John Dewey) истакнал дека поединецот не би можел да постои изолиран од општеството и дека воспитанието и образованието (education) за социјалниот живот имаат исто значење како и храната и размножувањето за физиолошкиот живот. Од друга страна, знаеме дека оспособувањето на луѓето како педагошка практика е старо колку и самиот човек и дека образованието, воспитанието и оспособувањето на луѓето се услови за живот, фактори за опстанок и развој на човекот и општеството. Човекот е природно, духовно и работно суштество. Развојот на човекот како природно суштество го проучува примарно биологијата, а развојот и формирањето на човекот како психичко суштество психологијата. Но, ако останеме на стојалиштето на боилогијата и психологијата во развојот, тешко „дека ќе го добиеме“ човекот како формирана личност оспособена за самостоен живот. Личноста е динамична структура на сите способности, вештини, навики, умеења и знаења на некој поединец, а тоа не се постигнува во ниеден друг случај освен со биолошки и психички развој.

Но, човекот станува човек дури кога е оспособен за живот односно кога е развиен во биолошки, психички, но и во педагошки аспект и дури тогаш станува личност. Проблемот на развојот на човекот како работно суштество, оспособувањето за работа, а со тоа и за „самостоен“ живот е предмет на научното подрачје на педагогијата. Според тоа, кога се зборува за развој на човекот од аспект на педагогијата односно за педагошки развој, тогаш пред сè се зборува за педагошкото делување во процесот на неговиот биолошки развој и психичкото „созревање“ со чие делување тој станува човек односно станува личност. Педагошките теории за развојот на човекот настанале како резултат на барање одговори на прашањата од што зависи тој развој и кои се негови фактори. Колку и да се мисли дека овие прашања се едноставни, треба да се нагласи дека одговорот зависи од основната ориентација на педагогијата. Ако педагошкото делување е основа на развој и оспособување на личноста, тогаш основните фактори на развој ја одредуваат педагошката

концептуализација на педагошката теорија и пракса, а воедно се и доминантни проблеми со кои се занимава педагогијата како наука. На развојот на личноста делуваат многу фактори. Сепак, сите фактори можеме да ги ставиме во три основно групи: околина во која поединецот се развива, наследни (индивидуални и вродени) особини и поединечна (само) активност на поединецот. Бз оглед на квалитетот на одделни фактори и нивните потенцијални достигнувања, тие доаѓаат до израз само со целосно и организирано педагошко делување. Во историскиот развој на педагошката мисла се развиле и двете основни теории на педагошки развој на личноста, така што и двете се изведени од основните.

Апликативниот катактер како и основната цел и задача на магистерскиот труд е, преку она што е претставено во него да се даде појасна слика за тоа што претставува когнитивниот раст и развој кај децата во претшколска возраст како и сите карактеристики кои се одлика на когнитивниот развој кај децата од претшколска возраст.

2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА

Гарднер Марфи во книгата за историјата на психологијата изнесува свое гледиште за нејзиниот развој и вели дека таа почнува од времето кога човекот се заинтересирал за сопствените психолошки процеси. Според она што денес го знаеме за мислењето, можеме да заклучиме дека човекот почнал да се интересира за својот психички живот од времето кога кај него се појавило апстрактното мислење, а тоа време може да се поистовети со почетокот на развојот на човештвото. Така гледано психологијата има долга историја и, би рекле, долг развој. Сепак, до пред крајот на XIX век, таа се развивала во рамките на филозофијата како и другите науки, а од 1879 година се развива ккао самостојна наука.

Според Фридрих Енгелс соништа го поттикнале човекот да поверува дека мислењето и чувствата не се производ на неговото тело, туку на неговата душа. Така дуализмот тело – душа стана интересен проблем за шпекулација во филозофијата. Освен со дуализмот, античките филозофи се занимавале и со многу други проблеми. Од тоа време останале некои размислувања за способностите на човекот и неговата природа. Конкретно, изреката на Платон „Секој човек на вистинското место“ и денес е мотив на професионалната ориентација бидејќи подразбира дека сите имаме различни способности и можеме да работиме одредени работи.

2.1. Развој на психологија како наука

Психата не може да се сведе само на нервниот систем. Менталните својства се резултат на неврофизиолошката активност на мозокот, меѓутоа тие ги содржат карактеристиките на надворешните предмети, а не на внатрешните физиолошки процеси со кои се појавува психичката. Трансформациите на сигналот што се случуваат во мозокот, лицето ги сфаќа како настани што се играат надвор од него, во надворешниот простор и светот. Мозокот ја лачи психата, мислата е слична на тоа како црниот дроб ја лачи жолчката. Недостаток на оваа теорија е тоа што тие ја идентификуваат психата со нервните процеси и не гледаат квалитативни разлики меѓу нив. Оттука, руската психологија во моментов се залага за систем на ментални појави на живи суштества (луѓе и животни), како и психологија на големи (социјални, етнички, религиозни итн.) и мали (корпоративни, индустриски итн.) групи луѓе. За возврат нејзин предмет се законите за формирање, функционирање и развој на овие психолошки и социо-психолошки појави. Предметите и предметот на психологијата го одредуваат списокот на научни задачи решени во нејзина рамка. Така, психологија е наука за психата и менталните појави.[1] За да се одговори на ова прашање, неопходно е да се изгради класификација на менталните феномени. Ментални феномени (се разбира, на различно ниво на организација) се, исто така, присутни кај животните. Затоа, психологијата, проучувајќи го човекот, е исто така заинтересирана за психата на животните: како се појавува и се менува за време на еволуцијата на животинскиот свет, кои се причините за разликата помеѓу човечката психа и психата на другите живи суштества. За да се вклучи во каква било активност, да комуницира со други луѓе за да се навикне во околниот свет, едно лице, пред сè, треба да го познава тој свет. Психологијата проучува кои својства на реалноста ги учи човекот преку менталните процеси - сензации, перцепции, размислување, имагинацијабитн. Психологијата ги разгледува и психолошките карактеристики на разни активности и комуникации и нивното влијание врз психата.[2] Иако менталните феномени подлежат на општите закони, тие се

[1]https://bykm.ru/mk/razrabotki/psihologiya-kak-nauka-voprosy-psihologiya-kak-nauka-predmet/
[2] https://bykm.ru/mk/razrabotki/psihologiya-kak-nauka-voprosy-psihologiya-kak-nauka-predmet/

индивидуални за секоја личност. Затоа психологијата ги проучува индивидуалните психолошки карактеристики на луѓето, нивната личност, мотивите на однесување, темпераментот и карактерот. Ние ќе ги поделиме менталните појави во три главни класи: ментални процеси, ментални состојби и ментални својства на личноста.

1 Во когнитивни ментални процеси се вклучуваат менталните процеси поврзани со перцепцијата и обработката на информациите. Тие се поделени на: когнитивни, емотивни и волеви.

2. Под ментални својства вообичаено е поединците да ги подразбираат најзначајните црти на личноста кои обезбедуваат одредено квантитативно и квалитативно ниво на човековата активност и однесување. Менталните својства вклучуваат ориентација, темперамент, способност и карактер.

3. Менталните состојби претставуваат одредено ниво на перформанси и квалитет на функционирање на човечката психа, карактеристично во одреден временски момент (пораст, депресија, страв, моќ и сл.) Феномените проучени од психологијата не се поврзани само со одредена личност, туку и со групи. Менталните феномени поврзани со животот на групите и колективите се детално проучени во рамките на социјалната психологија. Сите ментални феномени во групите, исто така, можат да бидат поделени во ментални процеси, ментални состојби и ментални својства. За разлика од индивидуалните психички феномени, психичките феномени на групите и колективите имаат појасна поделба на внатрешни и надворешни. Колективни ментални процеси кои делуваат како примарен фактор за регулирање на постоењето на колектив или група вклучуваат комуникација, интерперсонална перцепција, интерперсонални односи, формирање на групни норми, меѓугрупни односи и други. Металните состојби на групата вклучуваат конфликт, кохезија, психолошка клима, отвореност или затвореност на една група, паника и др. Меѓу најзначајните ментални својства на групата спаѓаат организацијата, стилот на лидерство и перформансите.[3]

Развојната психологија, позната и како развој на човекот е научна студија за систематските психолошки промени кои се случуваат во човекот во текот на неговиот

[3]цhttps://bykm.ru/mk/razrabotki/psihologiya-kak-nauka-voprosy-psihologiya-kak-nauka-predmet/ © bykm.ru

живот. Во почетокот се занимавала со новороденчињата и со децата, а потоа областа се проширила и на адолесценцијата, на развојот на возрасните, на стареењето и на целиот животен век. Оваа област ги проучува промените во широк спектар на теми вклучувајќи моторни вештини и други психо-физиолошки процеси, когнитивниот развој кој вклучува области како што се: решавање проблеми, морално разбирање и концептуално разбирање, усвојување говор, социјален, личен и емоционален развој, поим за себе (селф-концепт) и формирање на идентитет. Развојната психологија вклучува прашања како, на пример, до кој степен се случува развојот преку постепеното собирање на знаење во споредба со фазата како развој или до кој степен децата се раѓаат со вродени ментални структури во споредба со учење низ искуство. Многу истражувачи се заинтересирани за поврзаноста помеѓу личните карактеристики, однесувањето на поединецот и срединските фактори, вклучувајќи го и социјалниот контекст, како и нивното влијание врз развојот, додека други истражувачи имаат помалку фокусиран пристап. Развојната психологија влијае на неколку применети области како што се: образовна психологија, психопатологија на дете и судска развојна психологија. Развојната психологија надополнува неколку други основни истражувачки области во психологијата како социјална психологија, когнитивна психологија, еколошка психологија и компаративна психологија.

2.1.1. Фази на развојот кај човекот

Личност е човечко суштество кое има одредени капацитети или својства кои ја дефинирааат личноста која е одредена на различни начини од различни автори во различни дисциплини и од различни култури во различни времиња и места.[4]

Доколку сакаме да го запознаеме психичкиот живот на една личност односно човекот во целост, не смееме да се задржиме само на проучувањето на одделните видови психички процеси како што се перципирање, мислење, чувствување, мотивација и на одделните особини како интелигенција или сензорни и моторни способности кај самата личност. Мораме да потенцираме и да кажеме дека, ако го проучуваме и однесувањето на одделните личности во целост, набљудувајќи го однесувањето на еден човек во целост, ние забележуваме одредени карактеристики кои не можеме да ги сознаеме проучувајќи ги одвоено одделните видови психички процеси и одделните особини кај човекот односно кај личноста. Со сето ова се занимава психологијата на личноста којашто, по мислење на многу психолози, зазема најзначајно место во современата психологија. Основната идеја е со овој поим да се опфатат клучните точки во менталната структура на човекот со што би се објасниле разликите помеѓу луѓето и би се разбрала природата на човекот и неговото однесување.

Општи карактеристики за Адлеровата теорија

Наспроти Фројдовата почетна претпоставка дека човековото однесување е мотивирано од вродени инстинкти и Јунговата клучна анксиома дека со човековите постапки владеат вродени архетипови, Адлер претпоставувал дека луѓето првенствено се мотивирани од општествените тежнеења. Луѓето, според Адлер, се инхерентно општествени суштества. Тие се поврзуваат со други луѓе, вклучувајќи ја и соработката со нив, ставањето на општественото добро над секој себичен интерес и усвојување на стил на животот кој е претежно општптествено ориентиран. Адлер во никој случај не потенцирал и не зборувал дека луѓето се социјализираат единствено за да се изложат на општествени процеси.

[4]Danil Harms, Sto slučajeva. Beograd: Laguna, 2016, стр. 168-169.

Чувството на заедништво е вродено иако односите со луѓето се посебни, а и зависни од местото каде што е роден човекот. Значи, Адлеровите гледишта на оваа проблематика се исто така биологистички како и Фројдовите или Јунговите. Сите тројца претпоставуваат дека секоја личност во себе има своевидна природа која ја обликува личноста. Фројд го нагласувал сексот, а Јунг примордијалните мислени калапи, додека Адлер го нагласувал чувството на заедништво. Овој нагласок на општествени однесувања чие значење Фројд и Јунг не го забележувале или го минимизирале, претставувал можеби најголем Адлеров придонес во психолошката теорија. Тоа им кај психолозите ја потенцирало важноста на општественото обележје и помогнало да се развие подрачје на социјална психологија во време кога таквата поддршка била многу добредојдена. Друг значаен Адлеров придонес за теоријата на личноста претставува неговиот поим за творечки себства. За разлика од Фројд, „јас“ кое се состои од група психолошки процеси во служба на вродени инстинкти, Адлеровото себство е високоперсонализиран субјективен систем кој ги толкува и осмислува доживувањата на организмот. Покрај тоа, тој истражувал за доживувањата кои ќе помогнат во остварувањето на човечкиот особен животен стил. Ако таквите доживувања не можат да се најдат во надворешниот свет, тогаш себството ќе се обиде самото да ги направи.

2.1.1.1. Преднатален развој

Преднаталниот развој е од интерес за психолозите кои го испитуваат контекстот на раниот психички развој. На пример, некои примитивни рефлекси се појавуваат пред раѓањето и сé уште се присутни кај новороденчињата. Се претпоставува е дека овие рефлекси се атрофирани и имаат ограничена употреба во почетокот на човековиот живот. Теоријата на Пијаже за когнитивниот развој укажува дека некои примитивни рефлекси се градежни блокови за сензомоторниот развој на новороденчињата. На пример, тоничниот рефлекс на вратот може да го помогне развојот со што им помага на новороденчињата да ги гледаат предметите. Други рефлекси, како што е рефлексот на одење исчезнува и подоцна во раното детство е заменет со поусовршена доброволната контрола. Ова може да е така поради тоа што новороденчето добива премногу тежина по раѓањето за да биде доволно силно да го користи рефлексот или поради тоа што рефлексот и последователниот развој се функционално различни. Исто така, се укажува дека некои рефлекси (на пример Моро-

рефлексот и рефлексите на одење) се претежно приспособување на животот во утробата со мала поврзаност со раниот детски развој. Примитивните рефлекси повторно се појавуваат кај возрасните во одредени услови, како на пример, невролошки заболувања како деменција или трауматски лезии. Ултразвукот покажа дека новороденчињата се способни за голем број движења во утробата при што за многу од нив се чини дека се повеќе од примитивни рефлекси. Кога се раѓаат, новороденчињата можат да го препознаат и го претпочитаат гласот на својата мајка што укажува на преднатален развој на аудитивната перцепција. Исто така, преднаталниот развој и компликациите при раѓањето можат да бидат поврзани со невроразвојните болести како, на пример, со шизофренија. Со појавувањето на когнитивните невронски мрежи, ембриологијата и невронските мрежи на преднаталниот развој станаа голем интерес за истражувањето на развојната психологија.

2.1.1.2. Детство

Секој родител кој го набљудува своето дете и го следи низ сите фази на растење лесно ќе успее да препознае кога детето се обидува да биде во центарот на вниманието, па намерно прави гримаси од оние моменти кога своите движења не може да ги контролира. Тиковите не смеете да ги игнорирате и покрај тоа што често поминуваат спонтано и без ваше активно учество. Важно е да ги следите за да не се повторуваат и јавуваат во различни форми. Како да ги препознаете? Тиковите се брзи, неволни и ненадејни движења на група мускули или на делови од телото кои се јавуваат во неправилни интервали. Се јавуваат при зачувана совест, во будна состојба, а во сон се губат. Овој вид неволни движења можат да ги зафатат сите делови на телото, но најчести се тикови на лицето (очни капаци, усни, нос, јазик), вртење на главата настрана, подигнување на раменатa, поткашлување и сл. Една од карактеристиките на тикот е дека може со тек на време да се премести од еден дел на телото на друг, може да го смени интензитетот, да исчезнува и повторно да се јавува.[5]

[5]https://vipheart.mk/

Не е доволно детето да биде нахрането и здраво. Развојот на децата е истовремен развој во повеќе области. Сè е поврзано и ако некоја од нив биде запоставена, постои ризик детето да не го искористи целосно својот потенцијал, особено децата со посебни образовни потреби.

Конвенцијата за правата на децата посебно ја истакнува важноста на раниот детски развој и пропишува дека секое дете има право да го развие до највисоко ниво својот развоен потенцијал (член 6), а земјите членки на Обединетите Нации се обврзуваат на секое дете да му обезбедат животен стандард кој ќе му овозможи физички, ментален, духовен и социјален равој.

Стресните ситуации на кои е изложено детето во раното детство како што се караници во семејството или агресивно однесување на некој од нивното опкружување можат да направат подоцна низ животот детето да има тешкотии во развојот на мисловните процеси и учењето, во искажувањето и контролирањето на своите чувства и да има проблеми во градењето здрави односи со луѓето околу него.

Ваквите појави можат да ја забават подготвеноста на детето за тргнување во училиште и да бидат причина детето да постигнува послаби резултати за време на школувањето во средните училишта и на факултетите.

Според статистиките, децата од социјално обесправените семејства имаат повеќекратни негативни последици од сиромаштијата и завршуваат помалку години училиште од нивните врсници од побогатите слоеви. Причина за тоа е нивната помала мотивираност и помалиот капацитет за учење.

Раното детство, како период во кој се случува интензивен развој на мозокот и се поставуваат основите на мисловниот и социо-емоционалниот развој е период во кој може да им се помогне на овие деца да имаат колку што е можно поизедначен почеток во образовниот процес.

Посветеноста на намалување на сиромаштијата и зголемување на можностите на сите деца да успеат во образовните постигнувања бара поголема инвестиција во раното детство и интегрирање на здравствени, социјални и образовни интервенции на локално, на регионално и на национално ниво. Колку повеќе ќе се вложи во создавањето услови за квалитетен развој на детето во раната младост, толку помалку ќе треба да се вложува во неговиот развој во подоцнежните периоди од неговиот развој.

Обебедувањето здрав когнитивен и социо-емоционален развој кај секое дете заслужува највисок приоритет на секоја одговорна влада, локална заедница и кај секое семејство со мали деца.[6]

Нашите деца се нашето најголемо богатство. Тоа што ќе им го дадеме во периодот од раѓањето до тргнувањето на училиште е најголемата инвестиција што кога и да е ќе можеме да ја вложиме во нив. Сè друго е надградба на темелот што сме го поставиле во најраното детство. Ако сме изградиле добар, цврст темел, ќе можеме спокојно да се радуваме на нивните успеси кога ќе пораснат. Миговите што ги двоиме денес за да одговориме на нивните љубопитни прашања, ќе ни се вратат десеткратно кога ќе почнат да не воодушевуваат со начинот на кој го толкуваат светот.[7]

Од раѓањето до почетокот на говорот, детето се нарекува новороденче. Психолозите кои се занимаваат со развојната психологија значително се разликуваат во нивните мислења за психологијата на новороденчињата и влијанието на надворешниот свет, но некои аспекти се релативно јасни. Поголемиот дел од времето новороденчињата го поминуваат во спиење. Прво ова спиење е рамномерно низ целиот ден и низ целата ноќ, но по неколку месеци новороденчињата обично поминуваат сé помалку време во спиење и повеќе време се во будна состојба. Новороденчињата поминуваат низ шест состојби, групирани во парови:

- состојба на длабок сон и состојба на лесен сон (кој се јавува РЕМ);
- будна неактивност и будна активност;

[6]http://www.prvite5.mk/vaznosta-na-raniot-detski-razvoj.nspx
[7]http://www.prvite5.mk/vaznosta-na-raniot-detski-razvoj.nspx

- поспаност и плачење.

Новороденчињата различно реагираат на овие состојби. Приспособувањето (види погоре) се користи за да се открие резолуцијата на перцептивните системи, што укажува дека основните перцептивни способности кај новороденчињата се развиваат пред стекнувањето на трајноста на предметите.

Видот е значително полош кај новоренчињата отколку кај постарите деца. Видот кај новороденчињата, матен во раните фази, се подобрува со текот на времето. Перцепцијата на боите, слична на онаа кај возрасните, е докажана кај новороденчиња на возраст од четири месеци со користење методи на приспособување.

Слухот е добро развиен пред раѓање. Новороденчињата се прилично добри во откривање на правецот од кој доаѓа звук и до 18 месеци нивната способност за слушање е приближно еднаква со онаа кај возрасните.

Мирисот и вкусот се развиени, така што новороденчињата покажуваат различни изрази на одвратност или задоволство кога се создава пријатен мирис (мед, млеко, итн.) или непријатни мириси (расипано јајце) и вкусови (на пример кисел вкус). Постои добар доказ дека новороденчињата го претпочитаат мирисот на нивната мајка отколку мирисот на другите луѓе.

Говор. На возраст од околу шест месеци новороденчињата можат да прават разлика помеѓу фонеми во својот јазик, но не и меѓу слични фонеми од друг јазик. Исто така, во оваа фаза новороденчињата почнуваат да брборат, да создаваат фонеми.

Допирот е едно од подобро развиените сетилата по раѓањето кој прв се развива во матката. Ова е потврдено од страна на примитивните рефлекси опишани погоре и на релативно напредниот развој на соматосензорната кора.

Болка. Новороденчињата, исто така, чувствуваат болка, ако не и посилна од постарите деца, но на олеснувањето на болката како област на истражување кај новороденчињата не се обрнува толку многу внимание.

Рана теоријата на развој на детето беше сензомоторната фаза на теорија на Пијаже за когнитивниот развој. Пијаже укажал дека перцепцијата на новороденчето и разбирањето на светот зависи од нивниот моторен развој кој е потребен за детето да ги поврзе

визуелните, допирните и моторните претстави на предметите. Според ова гледиште, преку допирање и фаќање на предметите, новороденчињата развиваат трајност на предметите, сфаќање дека предметите се цврсти, трајни и продолжуваат да постојат дури и кога не ги гледаат. Сензомоторната фаза на Пијаже се состои од шест потфази (за повеќе детали видете сензомоторни фази). Во раните фази развојот произлегува од движењата предизвикани од примитивни рефлекси. Откривањето нови однесувања произлегува од класичното и оперативното формирање на автоматски реакции и создавањето навики. Од осум месеци новороденчето е способно да открие скриен предмет, но ќе издржи кога предметот е преместен. Доказите на Пијаже за некомплетното разбирање на трајноста на објектите пред 18 месеци беше неуспехот на новороденчето да го бара предметот каде што последен пат беше виден. Наместо новороденчињата да продолжат да го бараат предметот каде што беше првпат виден, ја прават „грешката А не Б“. Подоцна научниците спровеле голем број други тестови кои покажуваат дека помладите новороденчиња разбираат повеќе за предметите отколку се сметало. Овие експерименти обично вклучуваат играчка и едноставна пречка која е сместена пред играчката, а потоа постојано се отстранува. Пред возраст од осум до девет месеци, неможноста на новороденчињата да ја разберат трајноста на предметот ги засега луѓето, што објаснува зошто бебињата на оваа возраст не плачат кога нивните мајки ги нема („далекуод очите, далеку од умот“). Постојат критичните периоди во раното детство за време на кои развојот на одредени перцепциски, сензомоторни, општествени и јазични системи клучно зависи од стимулација на животната средина. Концептот на критичните периоди е, исто така, добро воспоставен во невропсихологијата. Некои сметаат дека класичната музика, особено онаа на Моцарт е добра за умот на новороденчето, додека некои несигурни истражувања покажаа дека е корисна и за постарите деца.

2.1.1.3. Најрано детство

Интелигенцијата се докажува со употребата на симболи и со употребата на говорот и начинот на кој се развива меморијата и имагинација. Се размислува на нелогичен, непромислен начин. Преовладува егоцентричното размислување. Општествено, новороденчињата се мали луѓе кои се обидуваат да станат независни во оваа фаза. Тие

одат, зборуваат, го користат тоалетот и добиваат храна за себе. Почнува да се развива самоконтрола. Ако иницијативата да истражуваат, да експериментираат, да прават грешки кога испробуваат нови работи и да ги тестираат своите граници е охрабрена од родителот/ родителите, детето ќе стане автономно, независно и уверено. Доколку родителот претерано се грижи за детето или не ги одобрува независните дејства, детето може да почне да се сомнева во своите способности и да се чувствува засрамено од желбата за независност. Независниот развој на детето ќе биде спречен и детето ќе биде помалку подготвено успешно да се справи со светот во иднина.

2.1.1.4. Рано детство

Периодот на раното детство е, исто така, наречен „предучилиштен период“, „период за истражување“ и „период кога децата се играат“. Кога децата посетуваат забавиште, тие ги прошируваат своите општествени хоризонти и повеќе се мешаат со тие околу нив. Нагоните се насочени кон фантазирање и задачата на воспитувачите е да ја урамнотежат желбата за авантура, за креативност и за самоизразразување со развојот на одговорност. Ако правилно се грижат за поттикнување и постојано одржување на дисциплината, поголема е веројатноста децата да развијат позитивно мислење за себе, да станат поодговорни и да ги следат доделените активности. Ако не им е дозволено да одлучат кои активности да ги преземат, децата можат да почнат да чувствуваат вина по размислувањето за преземање иницијатива. Оваа негативна асоцијација со независност ќе доведе другите да донесуваат одлуки наместо нив.

2.1.1.5. Доцно детство

Во средината на детството, интелигенцијата е докажана преку логичка и систематска манипулација со симболи поврзани со конкретни предмети. Се развива оперативното размислување што значи дека дејствата се повторливи и се намалува егоцентричното мислење. Децата преминуваат од светот на домот во оној на училиштето и врсниците. Децата учат да создаваат нешта, да користат алатки и да стекнуваат вештини. Децата сега можат да добијат повратни информации од аутсајдери за нивните достигнувања. Доколку децата можат да откријат задоволството во интелектуална стимулација, да сфатат дека се

продуктивни и да бараат успех, тие ќе развијат чувство за способност. Доколку тие не се успешни или не можат да откријат задоволството во тој процес, можат да развијат чувството на потчинетост и чувство на несоодветност кое може да ги прогонува цел живот. Ова е ситуација кога децата мислат за себеси дека се работливи и потчинети.

2.1.1.6. Адолесценција

Адолесценцијата се случува помеѓу десеттата и четиринаесеттата година, додека кај момчињата малку подоцна, помеѓу дванаесеттата и шеснаесеттата година. Во текот на годините, годишната граница за влегување во пубертет постојано се намалува. Просечната возраст за појава на првиот менструален циклус во 1900 год. била петнаесет години. До 1990-тите границата веќе се намалила на дванаесет и пол години и продолжува да се намалува под десет години. Видот на исхрана, храната богата со пестициди и загаденоста на околината (воздух и почва) се главните причини за овој тренд.[8]

На периодот на појавата на првите знаци влијаат и генетските фактори и семејната историја за пубертетот на родителите. Постојат случаи на прерана или на задоцнета појава на пубертет. Доколку првите знаци се појават пред шестата година (кај девојчиња црната раса), или пред седмата година (кај девојчиња од белата раса), или пред деветтата година кај момчињата се смета за преран пубертет. Доколку првите знаци се појават по тринаесет и пол години (кај девојчиња) и по четиринаесеттата година (кај момчиња), се смета за одложен пубертет. За секое двоумење, најдобро е да се консултира прво лекар пред да се носат какви било заклучоци.[9]

Пубертетот е фаза од биолошкиот развој во која децата стануваат сексуално зрели суштества подготвени за размножување. Кај момчињата првите промени што ги предизвикуваат хормоните се во тестисите при што е евидентно нивното зголемување и создавање на тестостерон и сперма. Кај девојчињата првите промени се насочени кон зголемување на градите. Потоа се појавуваат првите влакна под пазувите и на и околу гениталиите. Последната физичка промена кај момчињата се влакната на лицето т.е. брада

[8]https://pluspharma.mk/2018/09/01/pubertet-fazi-vo-razvojot-kaj-devojchi
[9]https://pluspharma.mk/2018/09/01/pubertet-fazi-vo-razvojot-kaj-devojchi

и мустаќи. За време на две-три години додека трае фазата пубертет, се вели дека телото расте нагло или одеднаш. Некои деца се случува да пораснат и по десет центиметри годишно.[10]

Меѓутоа, телото не се менува одеднаш цело, туку дел по дел. Како резултат на создавањето на тестостеронот, кај момчињата се случуваат неколку промени во обликот на телото. Рамениците стануваат пошироки, телото повеќе мускулесто, гениталиите се зголемуваат, накратко и градите се зголемуваат, но најчесто и се повлекуваат назад на крајот на пубертетот. Момчињата стануваат мажи и кога гласот ќе им мутира и ќе им стане подлабок. Телото на девојчињата се пополнува и се заоблува. Колковите се шират, градите растат, на почетокот со мал оток под брадавиците и нерамномерно, едната града побрзо од другата, но на крајот најчесто се изедначуваат. Најчесто по две години откако ќе почнат да растат градите кај девојчињата, се случува уште една значајна промена, а тоа е првиот менструален циклус. Циклусот вообичаено трае од два до седум дена и може да биде проследен со болки со помал или со поголем интензитет. За полесно надминување на првиот циклус од голема важност се соодветните подготовки и разговори со родителите (најчесто со мајката).[11]

Најголемиот дел од децата поминуваат низ уште една промена, а тоа е појавата на акни. Кај некои кожата сама се чисти за неколку месеци, а кај некои акните се проблем кој трае со години. Најчесто доволно е лицето да се мие двапати дневно со млака вода и благ сапун или тоник, но, доколку е потребно, може да се консултира козметичар или кожен лекар. Во никој случај не е препорачливо децата сами да ги третираат акните и да користат препарати на своја рака. Уште една не многу пријатна промена е новиот мирис на телото, конкретно под пазувите. Под дејство на хормоните започнуваат со работа жлездите во кожата, вклучувајќи ги потните жлезди во пазувите. Кога ќе се измешаат потта и бактериите на површината на кожата, се создава непријатен мирис. За да се намали појавата на телесниот мирис, најдобро е децата да се тушираат секој ден и задолжително веднаш по спортска активност, со користење на благи и природни средства за хигиена.

[10]https://pluspharma.mk/2018/09/01/pubertet-fazi-vo-razvojot-kaj-devojchi
[11]https://pluspharma.mk/2018/09/01/pubertet-fazi-vo-razvojot-kaj-devojchi

Сите промени во текот на пубертетот се нормални иако се повеќе или помалку непријатни. Кај девојчињата дополнително може да се појави бел вагинален исцедок, а кај момчињата се појавуваат ерекции. Во почетокот ерекциите се појавуваат многу често, дури и без причина. Но, како поминуваат годините на пубертетот, така и честите ерекции се намалуваат.[12]

Адолесценција (од латински adolescere што значи „да порасне“) е преодна фаза на физички и психолошки развој кој генерално се случува во периодот на пубертетот кон законската зрелост (полнолетството).[13] Адолесценцијата вообичаено се поврзува со тинејџерските години, но нејзините физички, психолошки или културни манифестации можат да започнат порано и да завршат подоцна. На пример, пубертетот типично почнува за време на преадолесценцијата, особено кај девојчињата. Физичкиот развој (особено кај машките) и когнитивниот развој може да се продолжи и во раните дваесетти години. Така возраста обезбедува само груб знак за адолесценцијата, а научниците сметаат дека е тешко да се согласат за прецизна дефиниција на адолесценцијата.[14]

Темелното разбирање на адолесценцијата во општеството зависи од информациите од различните перспективи, вклучувајќи ги: психологијата, историјата, социологијата, образованието и антропологијата. Во рамките на сите овие перспективи, на адолесценцијата се гледа како преоден период меѓу детството и возрасното доба чија културна цел е подготовка на децата за возрасните улоги. Тоа е период на повеќекратни транзиции вклучувајќи ги образованието, едукацијата и невработеноста, како и транзиција од едни животни услови во други.

Крајот на адолесценцијата и почетокот на возрасното доба варира во зависност од државата. Понатаму, дури и во рамките на единствена држава или култура може да има различни возрасти во која една индивидуа може да се смета за доволно зрела за

[12]https://pluspharma.mk/2018/09/01/pubertet-fazi-vo-razvojot-kaj-devojchi
[13]Dorn L. D.; Biro F. M. (2011). „Puberty and Its Measurement: A Decade in Review“. Journal of Research on Adolescence. 21 (1): 180–195
[14]Dorn L. D.; Biro F. M. (2011). „Puberty and Its Measurement: A Decade in Review“. Journal of Research on Adolescence. 21 (1): 180–195

општеството да ѝ довери одредени привилегии и одговорности. Овие привилегии и одговорности вклучуваат возачка дозвола, правни сексуални односи, служење војска, купување и конзумирање алкохол, право на гласање, склучување договори, завршување одредено ниво на образование, брак како и одговорност за почитување на законите. Адолесценцијата вообичаено е придружена со независност поддржана од родителите или законските старатели, вклучувајќи помал надзор споредбено со преадолесценцијата.

Во изучувањето на развојот на адолесценцијата таа може да се дефинира биолошки како физичка транзиција означена со почетокот на пубертетот и терминација на физичкиот раст и развој, когнитивно како промени во способноста за апстрактно и мултидимензионално мислење, како и социјално како период на подготовка за возрасни улоги.

Големите пубертетски и биолошки промени вклучуваат промени на сексуалните органи, висината, тежината, мускулната маса како и големи промени во структурата и организацијата на мозокот. Когнитивните способности опфаќаат и зголемување на знаењето и на способноста да размислуваат апстрактно и да резонираат поефективно. Проучувањето на развојот на адолесценцијата честопати вклучува интердисциплинарна соработка.

Главна статија: Психологија на адолесценти

Адолесценцијата е период од животот меѓу почетокот на пубертетот и целосната посветеност на возрасната општествена улога како работник, родител и / или граѓанин. Тоа е периодот познат по создавањето на личниот и општествениот идентитет (види Ерик Ериксон) и откривањето на моралната цел (види Вилијам Дејмон). Интелигенцијата е докажана преку логичката употреба на симболи поврзани со апстрактните поими и формалното размислување. Во почетокот на периодот често се јавува враќање кон егоцентричното мислење. Само 35 % ја развиваат способноста за формално размислување во текот на адолесценцијата или зрелоста (В. Хјуит и Џ. Хамел, јануари 1998 година) Адолесценцијата опфаќа два периода:

- рана адолесценција - од 13 до 16 години,
- средна адолесценција - од 17 до 19 години и

- доцна адолесценција - од 20 до 24 години (исто така е и првата фаза кон премин во рана зрелост.)

Адолесценот несвесно истражува прашања како на пример: „Кој сум јас? Кој сакам да бидам?“ Како мали деца адолесцентите треба да истражуваат, да тестираат ограничувања, да станат независни и да создадат идентитет или чувство за себе. За да изберат идентитет, мора да бидат испробани различни улоги, однесувања и идеологии. Конфузијата (мешање) на улогите и неможноста да се избере професија можат да резултираат од неуспехот да се постигне чувство на идентитет.

2.1.1.7. Рана зрелост

Лицето мора да научи како да создаде интимни односи во пријателството и во љубовта. Развојот на оваа вештина зависи од решавањето на другите фази. Доколку некој не развие доверба или чувство на идентитет, може да биде тешко да се воспостави интимност. Ако оваа вештина не е научена, алтернативата е отуѓување, издвоеност, страв од обврска и неможност да се биде независен. Научниците кои ја проучуваат зрелоста се заинтересирани, не само за развојот на односите, туку и за развојот на социо-политичките гледишта и професионалните избори.

2.1.1.8. Средна возраст

Средната возраст, главно, се однесува на периодот од 40 до 60 години. Во текот на овој период средовечните луѓе се соочуваат со судир помеѓу генеративноста и стагнацијата. Тие може да чувствуваат дека придонесуваат за идната генерација и нивната заедница или да се чувствуваат бесцелни. Физички, средовечните луѓе доживуваат пад на мускулната сила. Исто така, жените доживуваат менопауза и остар пад на хормонот естроген. Мажите имаат еквивалент на менопауза кој се нарекува андропауза и претставува хормонска нестабилност со физички и психолошки ефекти слични на менопаузата. Намаленото ниво на тестостерон се одразува во промени на расположението и намалување на бројот на

сперматозоиди и брзината на ејакулација и ерекцијата. Повеќето мажи и жени остануваат способни за сексуално задоволство по средната возраст (Споредете фази на Ериксон на физичкиот развој).

2.1.1.9. Старост

Оваа фаза главно се однесува на оние кои се на возраст од 60 до 80 години. Во текот на староста, луѓето доживуваат судир помеѓу интегритетот и очајот. Кога староста се одразува врз нивниот живот, тие имаат чувство на успех или неуспех. Физички постарите луѓе доживуваат намалување на мускулната сила, времето на реакција, издржливоста, слухот, видот и на сетилото за мирис. Исто така, поради ослабен имунолошки систем сè повеќе се склони кон тешки болести како што се рак и пневмонија. Исто така, може да се појави ментално распаѓање што води до деменција или Алцхајмерова болест. Сепак, делумно поради собирањето на антитела во текот на животот, старите луѓе имаат помала веројатност да страдаат од вообичаени болести како што е настинката. Прашањето дали интелектуалната моќ се зголемува или се намалува со возраста останува контроверзно. Лонгитудиналните студии укажуваат дека интелектот се намалува, додека студиите на попречниот пресек укажуваат дека интелектот е стабилен. Се верува дека кристализираната интелигенција се зголемува сè до староста, додека флуидната интелигенција се намалува со возраста.

2.2. Подрачја и аспекти за оспособување на децата од претшколска возраст

Процесите образование, воспитание и обучување, како што кажавме, се педагошки процеси во кои со педагошко делување, пред сè школување, се насочува развојот и се врши оспособување на личноста. Од целта на оспособување зависи обликот, видот и нивото на содржината на образованието, воспитанието и обучувањето. Педагошкото

делување во процесот на оспособување опфаќа седум подрачја на содржини и активности:[15]

- интелектуално,
- работно,
- техничко,
- физичко,
- здравствено,
- етичко и
- естетско.

Сите наведени подрачја, независно од нивото на оспособување на поединецот, меѓусебно се поврзани и прават една единствена личност. Со развојот на едниот се развиваат и сите останати, а кога се споменува само едно, со тоа се истакнува само престижноста на делување, се нагласува дека тоа едно одредено подрачје е подрачје од единствениот развој и оспособување на личноста. Основното педагошко барање во оспособувањето на секој поединец, без разлика на неговите диспозоции, е сестран развој на личноста.[16] Сестраноста во воспитанието, образованието и обучувањето (оспособувањето) не е барање кое настојува секој поединец да биде оспособен за сè, туку е хуманистичко барање на секој поединец да му се овозможи оптимален развој на сите негови диспозиции, па дури и оние кои можеби и не се толку важни. Секое хуманистичко општество мора на секој поединец во процесот на развој да му овозможи услови и можности сите негови диспозиции да дојдат до израз. Тоа значи дека сестраниот развој на личноста треба да ѝ овозможи максимален развој на сите негови диспозиции, без оглед на јачината, целта, видот или обликот на оспособување. Максималниот развој на секој поединец е (или би требало да биде) во општ интерес на општеството.

[15]Јосип Милат (2014): Педагогија - Теорија на оспособување, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип
[16]Јосип Милат (2014): Педагогија - Теорија на оспособување, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

2.2.1. Педагошко делување од аспект на интелектуален развој и оспособување

Педагогија или поретко педагогика е името на општествената наука за воспитанието. Самиот поим за педагогија различно се дефинирал во различните периоди што укажува на развојот на самата наука низ историјата на човештвото.

Како и секоја друга наука, и педагогијата има свој посебен систем на педагошки закони и своја структура која опфаќа различни правци и дисциплини. Официјално се одделува од филозофијата со појавата на педагошките класици педагози, а како посебна академска дисциплина ја воведува познатиот германски педагог Јохан Фридрих Хербарт во 19 век. Денес педагогијата се изучува во многу земји во светот.

Терминот „педагог“ може да се однесува на човек кој специјализирал педагогија, но исто така служи и да се означат наставниците кои, покрај научните основи на предметот за кој се определиле, се стекнуваат и со педагошка подготовка.[17]

Зборот „педагогија“ потекнува од грчкиот јазик и за првпат се среќава во времето на античките држави. Се состои од два збора: παῖς (país, генитив παιδός, paidos) што значи дете и άγω (ágō) што значи да води. На почетокот овој поим имал буквално значење и со него се означувал роб кој го водел детето од куќата до местото каде што се образувала тогашната младина. Тој роб се нарекувал педагог односно оној кој го води детето. Меѓутоа, според некои теоретичари, робот не се грижел само за сигурноста на детето на патот од куќата и до неа, туку водел сметка и за неговото однесување. За разлика од момчињата, девојчињата останувале во своите куќи заедно со своите мајки.

Во Стариот Рим значењето на поимот „педагог“ (лат. paedagogus) се менува, па сега се однесува на ученият роб (најчесто Грк) кој ги подучува децата. Дури тогаш, како и подоцна, самиот поим „водење“ се менува од буквалното во преносното значење - педагог е оној кој насочува, образува и воспитува.

[17]Сластенин В.А., Подымова Л.С. Педагогика: интельность. – М.: Магистр, 1997

Денес поимот педагог може да се дефинира во пошироко значење и ги опфаќа сите оние кои на некој начин се занимаваат со воспитување на децата (тука се вбројуваат и родителите кога не поседуваат соодветно педагошко знаење) и во потесни значења при што се мисли само на лицата кои професионално се занимаваат со воспитување на деца односно наставници. Покрај овој поим, изведени се и востановени други, блиски поими како педагошки работник, педагошки установи, педагошки мерки итн. Во различните јазици поимот педагогија има различни значења што донекаде е во врска со самиот поим, но и со различните гледишта на самата наука.

Способноста за спознание (интелектуална, умствена оспособеност) е главно својство на личноста. Човекот навистина е човек само ако е свесно суштество. Затоа интелектуалната оспособеност е најзначајна и, во суштина, е основа за најделотворната компонента за оспособување во сите други подрачја. Тоа е во основа стекнување (усвојување) на секакви знаења, но не е едноставно трупање на факти, туку стекнување на знаења кои ќе овозможат спознание на нов, критички развој и мислење (интелектуален развој, развој на свеста). Свеста во основа значи сфаќање на целта на активноста, свест за средствата, содржините и начините на делување за таа да се оствари. Свеста подразбира знаење и на знаењето, втемелена способност за рационално делување за успешен:

- избор односно утврдување цел на активноста;
- избор на најповолни средства за постигнување на утврдената цел;
- избор на најдобри методи и постапки за доаѓање до целта.

Интелектуалното оспособување односно педагошкото делување на развојот на интелектуалните способности, пред сè, подразбира и овозможување и насочување на поединецот на:

- стекнување знаења,
- развивање интелектуални способности,
- на развој на логичко, творечко и критичко мислење.

За квалитетот, содржината и нивото на интелектуалниот развој на личноста на одреден начин зависи вкупниот развој односно карактер на човекот, неговата етичка (морална) свест, неговите ставови, емоции, интереси односно однесување, естетска способност на расудување и доживување на убавото, стекнување и развивање на вештини и умеења

(работни способности) и однос на поединецот кон самиот себе со своето физичко и ментално здравје. Задачите на педагошкото делување на интелектуалниот развој се насочени кон:

- усвојување знаења - осознавање на основните научни сфаќања за природата, општеството, техниката и технологијата и усвојување знаења кои овозможуваат успешно снаоѓање во професионалната работа и секојдневниот живот;
- формирање интелектуални вештини и способности, развивање логичко и критичко мислење;
- усвојување ставови и создавање и развивање на разумни интереси и на стремење за понатамошно учење;[18]
- развој на техничка култура и култура на работа, однос кој другите луѓе и зајакнување на одговорноста.

Содржината на интелектуалното оспособување се изведува од сознанието за општествениот, научниот, културниот, духовниот, техничкиот односно цивилизацискиот развој. Затоа знаењето и интелектуалната оспособеност на човекот, во најголема мера придонесуваат за формирање на личноста.[19]

2.2.2. Педагошко делување од аспект на работно-техничкиот развој и оспособување

Работното и интелектуалното делување се основни карактеристики на човекот и тие се неделиви.Тоа што во минатото биле долго време одвоени умствената и физичката работа при што интелектуалната работа била наменета само за елитата, условило и елитистички, интелктуалистички развој на педагогијата. Дури и денес во поголема мерка се задржале двата меѓусебно спротивставени модели на школување и оспособување. Се развиле училишта без работа т.н општообразовни училишта и училишта од втор ред (и за традиционалната педагогија), помалку важни т.н. стручни училишта. Способноста за

[18]Јосип Милат (2014): Педагогија - Теорија на оспособување, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

[19]Јосип Милат (2014): Педагогија - Теорија на оспособување, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за ообразовни науки – Штип

работа и производство е една од темелните карактеристики на човекот и е претпоставка за негово оспособување во животот. Интелектуалниот аспект на оспособување ни овозможува знаење кое ни кажува со што, како и на кој начин можеме нешто да направиме, но не ни овозможува и не развива моторички вештини и способности (умеења) како нешто практично да изработиме, да го направиме, да го сработиме. Никој не се оспособил за практично изведување на работата, не стекнал вештини и умеења за изведување на конкретна работа исклучиво на основа на знаења, туку само преку практично изведување на конкретна работа. Знаењето кое не е во функција на општествено корисната активност и во функција на работата на секој поединец е бескорисно и неупотребливо бидејќи никој не се оспособил за работа гледајќи, слушајќи, говорејќи или размислувајќи за работата. Работно-техничкиот аспект на оспособување има и теориска компонента – стекнување знаење и разбирање и стекнување на техничко технолошки процеси и спознавање на техничката култура воопшто и практична компонента – развивање вештини и управување со работниот процес. Задачи на педагошкото делување од аспект на работно-техничкото оспособување се:

- развивање моторички вештини и способности за извршување на одредена конкретна работа;
- развивање способности за примена на знаењето во практичната работа;
- развивање на умеења во изведување на конкретна работ;
- развивање на техничкато создавање и креативност во примена на технологијата и техниката;
- развивање и поседување на техничка култура и култура на работата. [20]

Работната култура ги вклучува умствените и физичките - здравствени, естетски и етички аспекти на развиеност - оспособување

Интелектуалната оспособеност (стекнување на знаења) без работна и техничка оспособеност нема вистинска функционална вредност

[20]Јосип Милат (2014): Педагогија - Теорија на оспособување, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

Содржините на работното и техничко оспособување се изведени од подрачјето на човековиот живот и работа и се наменети за оспособување за работа. Всушност, влијанието на техниката врз животот и работата на човекот во голема мера го одредуваат начинот и квалитетот на живеење и се негова егзестенцијална потреба, па затоа секој педагошки процес, секое школување и оспособување во кое не се остваруваат и задачите на работното и техничкото оспособување се едностранн, конзервативни, одвоени од животот и се нефункционални.

2.2.3. Педагошко делување од аспект на физичко-здравствен развој и оспособување

Телесно-физичкиот развој имал важна „педагошка“ улога уште во античката цивилизација и со интелектуаниот развој бил основа на вкупниот развој на човекот. Воспитниот идеал во античка Атина бил хармоничен развој на личноста, единство на телото и духот, единствен телесен и интелектуален развој. Колкава важност во античка Грција му придавале на човековиот физички развој доволно зборува и фактот што се организирани олимписки натпреварувања и за време на нивното одржување била прекинувана и војната. Во Спарта физичкиот развој односно оспособувањето на војниците бил најзначаен аспект на оспособување, повреден и од интелектуалниот. И во средниот век за племенскиот сталеж најзначаен аспект на оспособување било физичкото односно телесното воспитание (гимнастиката). Но, без оглед на важноста на телесниот и здравствен развој ваквото едностранно сфаќање одамна е напуштено. Човекот е биолошко и психичко суштество кое се развива телесно (физички) и духовно (психички). Физичката развиеност односно телесната способеност е една од темелните потреби на човекот и е важна претпоставка за неговото телесно и ментално здравје, основа на способноста за извршување на физичка и умствена работа. Содржината на физичко-здравственото оспособување е изведена од биолошко-антрополошки, физиолошки, ментални и општествени карактеристики на човековиот развој. Физичко-здравствениот аспект на развиеност (оспособеност) има големо значење за вкупниот развој и секое оспособување на личноста бидејќи само физички и психички здрава личност може да биде способна за која било работа и учење.

2.2.4. Педагошко делување од аспект на етичкиот аспект на развој и оспособување

Зорот етика е од грчко потекло: ethos – обичај, etikos – морален. Етиката како поим означува филозофска дисциплина (наука за етиката), она што е по себе етички и вредно, морално, посебна филозофска дисциплина која го проучува моралот, ги испитува целите и смислата за моралност, основните критериуми за вреднување на моралниот чин, заснованост и извор на моралот. Зборот морал потекнува од латинскиот јазик со значење mos – обичај и mores – владеење. Наједноставно, моралот е однос меѓу луѓето и претставува состав на вредности кои се основа за однесување и се општествено условени.[21] Моралот е основа на односите помеѓу луѓето како животна практика и е еден од облиците на општествено-историскиот опстанок на човекот, дел од општествената свест и се темели на обичаите, куктурата, културната традиција, филозофијата, науката, религијата, идеологијата, правото итн. Кога ќе се спореди развојот на општеството со текот на историјата, моралот се менува со смислен домет и содржини, различен е во различни општества кај различни племиња, класи, групи, слоеви, народи. Затоа моралот и моралните вредности на едно општество (народ) не е можно да се разгледуваат од аспект на моралните вредности на некое друго општество. Кога во педагогијата се зборува за етиката и етичкото оспособување од етички аспект на педагошкото делување на развој на личноста, не се мисли на учење на одредени лекции за моралот, туку за стекнување на морал и морално делување и соединување на моралните вредности. Моралното делување е засновано на моралната свест која е прв и основен услов за моралност. Моралната свест, меѓутоа, не настанува сама од себе. За формирање на морална свест потребни се морално вредносни информации и искуство (познавање на добро и лошо како општи индивидуални и општествено вредносни категории). Моралната свест мора да се обликува врз основа на фактот дека секое човечко суштество истовремено е индивидуа и дел од општеството и

[21]Јосип Милат (2014): Педагогија - Теорија на оспособување, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

дел од групата. Затоа, кога говориме за развој на морален интерес на ученикот, говориме за разумен интерес. Моралната свест и моралноста воопшто, колку и да бидат општествено условени, тие се лична карактеристика, вредносен состав на поединецот. Моралната свест мора да се обликува на телел на сознание дека секое човечко суштество истовремено е и индивидуа, дел од општеството и дел на видот. Поради тоа навистина хуманиот развој и оспособувањето треба да го опфатат и развојот на индивидуалната самостојност, оспособување за делување и живот во заедницата, за развој на свеста на припадниците на човековиот вид. Затоа, кога зборуваме за развој на интереси кај ученикот, зборуваме за разумни интереси, за педагошко делување од естетски аспект на развој и оспособување [22]

Естетиката е филозофска дисциплина која го испитува убавото, односно вредното во уметноста и во природата. Ги истражува есенцијалните услови и критериуми на уметничкото доживување, создавање и расудување, како и, воопшто, смислата значењето на правилата и законитостите на естетскиот израз и естетското доживување.[23] Од ова одредување прозлегува и ставот за можноста за педагошко делување на естетскиот развој на личноста, можноста за учење и насочување на поединецот кон чувството за убаво, „формирање и насочување на вкус“ – естетско оспособување на личноста.[24]

Всушност, внатрешната (емоционалната) потреба за убаво односно естетското доживување, му е својствено на секој човек, понекогаш во толкава мера што овој аспект на неговото доживување од објективна реалност станува телелна одредница на неговите активости и неговото однесување.[25] Поимот естетика означува и специфицен, индивидуален, субјективен однос на човекот кон објективната реалност. Тоа е одереден начин на согледување на светот. Затоа, често, во секојдневната комуникација се зборува за

[22]Јосип Милат (2014): Педагогија - Теорија на оспособување, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип
[23]Јосип Милат (2014): Педагогија - Теорија на оспособување, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип
[24]Dryden, G., Vos, J.: Revolucija u učenju: kako promjeniti način na koji svijet uči, Educa, Zagreb, 2001
[25]Dryden, G., Vos, J.: Revolucija u učenju: kako promjeniti način na koji svijet uči, Educa, Zagreb, 2001

посебен субјективен „вкус на поединецот“ и затоа за таа субјективна особина на вкусот не се дискутира.[26]

2.3. Карактеристики на растот и развојот на децата во претшколска возраст

Физичката активност во потесна смисла односно физичкото и здравственото образование во поширока смисла се условени од многубројни фактори систематизирани во две групи: внатрешни и надворешни.[27] Надворешните фактори се однесуваат на надворешното опкружување (социјалната и општествената средина, начинот на живот и сл.), додека внатрешните фактори се однесуваат на субјектите вклучени во процесот на физичко воспитание и образование и се условени од нивната возраст, од степенот на развој и од развојните законитости. Во таа смисла, растот, созревањето и развојот како клучни термини и познавањето на развојните особености на секој возрасен период, се основен предуслов за успешна педагошка работа со децата во предучилишната и раната училишна возраст.[28]

2.3.1. Растот, развојот и созревањето кај децата од претшколска возраст

На оваа возраст детето продолжува преку љубопитноста да го запознава светот околу себе. Сака сè да знае, постојано поставува прашања и станува свесно дека може сè да научи.

Кога детето постојано поставува прашања или постојано повторува едно исто прашање, тоа не го прави намерно со цел да го вознемири или налути родителот. Едноставно учи за светот и го повторува односно го проверува наученото.[29]

[26]Јосип Милат (2014): Педагогија - Теорија на оспособување, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип
[27]Dryden, G., Vos, J.: Revolucija u učenju: kako promjeniti način na koji svijet uči, Educa, Zagreb, 2001
[28]Тодоровски, Д. (2007) Методика на физичко образование, Штип: Педагошки факултет.
[29]http://ferroditelferdete.org.mk/

Родителот понекогаш се заморува од овие прашања или нема одговор на нив, но и во вакви ситуации е потребно родителот со почит да му одговори на детето. На ваков начин, родителот ја почитува љубопитноста на детето, ја одобрува неговата потреба да учи, го поттикнува на учење и му покажува дека го почитува неговото мислење.

Учење правила

Понекогаш детето сака да учи за работи кои се опасни за него, како на пример, да ракува со запалка, да скокне од висока лизгалка и сл. Во вакви ситуации родителот треба да ја преземе контролата, а ова се и првите чекори кога детето учи за правилата.
Кога родителот го учи детето на правила, потребно е да му ги објасни причините за поставената граница односно правило. На ваков начин детето ќе ги разбере причините поради кои е поставено правилото, со што се зголемува веројатноста тоа и да го почитува.
Потребно е да се потенцира дека родителот, не само што дава информации и воспоставува граници и правила, туку воедно е и моделот што детето го имитира. Родителот полесно ќе го научи детето на посакуваното однесување доколку го поткрепи со личен пример.[30]

Насоки за родителот:

Учителката од градинка Ве информира дека Вашето дете, во играта со другарчињата, кога треба да сподели некоја играчка, често се кара со нив, а кога не е по негово, дури и ги удира.
Вие, како родител, дома постојано го учите детето дека, доколку не се согласува со другарчињата, не е во ред да се кара и да ги удира. Постојано го учите дека треба да се договара. Сепак, ваквото однесување на детето продолжува и нема никаква промена кај него.[31]
Во ваква ситуација, размислете колку Вие или некој во најблиското опкружување на детето применува ваков начин на разрешување конфликти/недоразбирања. Дали Вие или

[30]http://ferroditelferdete.org.mk/
[31]http://ferroditelferdete.org.mk/

некој друг, кога не се согласува со соговорникот, го повишува тонот на гласот и почнува да вика во намера да го убеди?

Дали можеби Вие или некој друг му се развикува или го казнува детето секогаш кога тоа се однесува несоодветно и непосакувано?

За промена на непосакуваното однесување на детето, покрај зборовите и објаснувањата, поголем ефект ќе биде постигнат доколку лично секојдневно, постојано и во секоја прилика го практикувате посакуваното однесување.

Запомнете:

Доколку во семејната комуникација се употребуваат навреди и/или физички казнувања, детето го усвојува овој модел на комуникација и го применува надвор од семејната средина.

За секоја особина што не Ви се допаѓа кај Вашето дете, никогаш немојте да му викате или да го удирате. Запрашајте се дали вие или можеби некој во неговото опкружување ја поседува неа. Поважен е начинот на кој Вие се однесувате отколку тоа за што вербално се залагате или на што го учите вашето дете.

Пофалете го детето за секое посакувано однесување или посакуваната карактерна особина, но најважно е тоа да го поткрепите со личен пример.

Играта е сè уште доминантна и важна за детето

Играта продолжува да претставува најглавна преокупација на детето. Преку играта детето тестира многу ситуации и игра разни улоги што ги гледа кај возрасните.

Играњето разни улоги родителот може да го искористи за да го подучува детето на разни животни вештини. Преку играта родителот му дава можност на детето да ги тестира и да ги развие своите способности, го осамостојува и му дава „дозвола“ да стане независно.

Низ играта детето ја развива фантазијата, експериментира, открива како функционираат работите, решава разни проблеми и бара нови одговори. Со играта се развива и мозокот на детето, па затоа е потребно родителот да му обезбеди време и простор за игра.
При ова учење, очекувано е детето да греши, со грешки кои не се намерни и кои едноставно се резултат на неговото неискуство и незрелост.[32]

Насоки за родителот:

Вашето дете за време на оброците упорно настојува и бара да Ви помага при поставување на масата, а Вие му дозволувате и го подучувате во тоа.
За семејната слава, обично колачот го послужувате во специјална чинија. Чинијата ви е особено омилена, бидејќи Ви е подарок од вашата сега веќе почината мајка. И за славата му дозволувате на вашето дете да Ви помогне, но не му давате да ракува со омилената чинија. Некако незабележливо, детето ја зема чинијата која му се лизнува од раце, паѓа на земја и се крши.
Случката многу Ве вознемирува, особено што повеќепати сте му повториле на детето дека не смее да ја допира чинијата.[33]
Вие како родител е потребно да останете мирен, присебен, да пријдете смирено и заедно со детето безбедно да ги соберете искршените парчиња од чинијата.
Потоа објаснете му на детето дека некои работи кога паѓаат може да се оштетат, а Вие тоа не го сакате. Покажете му околу кои работи може да Ви помогне при поставување на масата за време на оброците.
Потребно е Вашите омилени предмети да ги ставите на безбедно место каде што детето не ќе може да ги дофати и само да ги земе.

[32]http://ferroditelferdete.org.mk/
[33]http://ferroditelferdete.org.mk/

Запомнете:

Детето упорно сака да се вклучи во некоја секојдневна семејна активност бидејќи сака да ја задоволи потребата за развивање разни вештини, способности и осамостојување.

Грешките што ги прави детето не се намерни, со цел да ве повреди и налути, туку тоа едноставно нема доволно искуство и знаење.

Никогаш немојте да му викате или да го казнувате поради грешката. Родителот е одговорен за обезбедување сигурна средина во која детето ќе може да развива вештини низ разни активности.

Родителот ги поставува правилата и границите и му дава помош и поддршка на детето при неговото осамостојување.[34]

Детето ја зголемува комуникацијата и расте бројот на социјалните контакти

Не е доволно само детето да биде нахрането и здраво, потребно е зголемување на контактите со поширокатa социјална средина. Важен фактор во раниот детски развој се искуствата што детето ќе ги стекне во семејството и поширокатa социјална средина. Овие искуства помагаат во развојот на интелигенцијата, личноста и социјалните контакти на детето со околината. Од голема важност е вклучување на детето во предучилишна установа или друга организирана форма, како што е центарот за ран детски развој со што ќе му се даде можност да расте и да се развива според своите индивидуални потреби и можности.

Преку играта се зголемува бројот на социјалните контакти и релации надвор од семејството. Се зголемува нивото на социјализација бидејќи во играта се вклучуваат и други актери, други деца. Детето учи за правилата, за функционирањето и решавањето на проблемите во групата, односно учи и станува свесно за емоциите на другите, ја развива емпатијата и учи да споделува.

[34]http://ferroditelferdete.org.mk/

Насоки за родителот:

Кога бои во боенката, Вашето дете не сака боичките да ги споделува со никого. Кога неговото братче ќе му земе боичка, тоа почнува да вика и веднаш му ја граба назад.
Потребно е Вие како родител смирено да му пристапите, со смирен тон и одлучно да ја земете боичката „проблем“.
Предложете боичката да ја ставите на безбедно место и на детето дајте му ограничено време за да се договори со братчето како и на кој начин ќе ја споделуваат. Кога ќе помине времето определено за договарање, побарајте од детето да Ве информира за правилото за споделување.
Доколку во определеното време детето не успее да постигне договор, помогнете му со тоа што ќе предложите неколку решенија за кои тоа ќе се договори со брат му, а потоа заедно ќе го одберат најдоброто за нив.

Запомнете:
Непосакуваното однесување кај Вашето дете не е намерно, со цел да ве повреди или налути.
Детето нема искуство и знаење, тоа само почнува да учи нови правила во нови социјални релации, учи да споделува, учи за емпатијата. За совладување на новите вештини на детето му е потребно време, но и водство од родителот.

Поради зголемениот и збогатен број социјални контакти, вештината за комуникација кај детето се подобрува и речникот се збогатува. Истражувајќи, детето станува сè повеќе свесно за своето тело, за разликите што постојат помеѓу половите и за тоа изразува љубопитност.
Растот, развојот и созревањето се едни од најчесто употребуваните термини кога зборуваме за децата. Иако се однесуваат на специфични биолошки активности, растот и созревањето често се употребуваат како синоними, додека развојот има пошироко значење (Malina et all, 2004).

Растот подразбира квалитативни и квантитативни промени во големината на телото и на делови од телото (Haywood & Getchell, 2005). Промените во големината се резултат на три меѓусебно поврзани клеточни процеси:

1) зголемување на бројот на клетките – хиперплазија;

2) зголемување на големината на клетките – хипертрофија и

3) зголемување на интерклеточната супстанција (Malina et all, 2004).

Како резултат на овие промени односно како резултат на растот, децата стануваат повисоки, потешки, се зголемува поткожното масно ткиво, органите добиваат во големина. Растот како доминантна биолошка активност во првите две декади од човековиот живот не се должи само на факторот созревање и генетскиот фактор, туку и на влијанието на средината, исхраната, начинот на живот и сл. Промените во физичкиот раст вообичаено се следат преку промени на должинските мерки, ширините на телото, обеми и кожни дипли. Најзначајните индикатори за промените во физичкиот раст се промените во телесната тежина и висина кои се значајно условени од полот и возраста на децата.

Созревањето се објаснува како процес на постигнување на зрелост односно состојба на оптимално функционално интегрирање на органските системи и способноста за репродукција. Созревањето е процес кој се случува во сите ткива, органи и органски системи под дејство на ензимите, хемиските процеси и функциите во организмот (Malina et all, 2004). Крајна фаза на созревањето како процес е постигнување на зрелост. Така, на пример, сексуалната зрелост е состојба на комплетно функционирање на репродуктивниот систем; скелетната зрелост е комплетно завршен процес на осификација (окоскување) на скелетот.

Развојот претставува поширок концепт од растот и созревањето и се однесува на промените кои започнуваат со зачнувањето и продолжуваат низ животниот век, а се резултат на биолошки, когнитивни и социо-емоционални процеси и промени (Сантроцк, 2008; Паттерсон, 2009) односно ги опфаќа процесите на диференцијација и промени во функционирањето на ткивата и органите - биолошко гледиште и промени во однесувањето и прилагодувањето на социјалната средина - социолошко гледиште (Malina et all, 2004). Според Шкариќ (2004), развојот подразбира процеси и промени кои ја водат единката кон повисок стадиум односно означува квалитативни и квантитативни промени

кои водат кон сè поголемо диференцирање на деловите и пофлексибилна интеграција на расчленетите делови во целовита структура. Квантитативните промени се скалести промени лесни за мерење, додека квалитативните промени претставуваат скокови или промени во самата природа или видот на појавата и се јавуваат како нови системи на поведенија.

Развојни промени. Развојните промени се однесуваат на сите сегменти од човековото функционирање и во таа смисла може да се зборува за моторички, когнитивен, социјален и емоционален развој (Malina, Bouchard & Bar – Om, 2004). Според теоријата за интегралниот развој на Исмаил (1976), наведените аспекти не се независни, туку меѓусебно се значајно поврзани и условени и се дел од еден интегриран систем – човекот.

Моторички развој. Моторичкиот развој се однесува на промените во моторичкото однесување и факторите кои ги условуваат тие промени. Претставува секвенционален и континуиран процес и е тесно поврзан со возраста (Haywood & Getchell, 2005). Моторичкиот развој како континуиран процес означува промени во функционалните капацитети на единката, а секвенционалните промени укажуваат дека по една фаза следува друга, фазите се одвиваат по точно утврден редослед и се резултат на интеракцијата помеѓу индивидуата и околината. Поврзаноста со возраста укажува на постоењето на периоди на забрзан и забавен раст кои се исти или слични за припадниците на ист возрасен период. Моторичкиот развој се однесува на развој на способностите за движење односно развојните промени кои се случуваат во моторичкото однесување и факторите кои ги предизвикуваат овие промени. Ова се однесува подеднакво на процесот на промените и резултатот од тие промени. Значајно е да се нагласи дека сите промени во движењата не се резултат на развојот. Промените кои се резултат на искуството, а не на карактеристиките на одредена возраст не се резултат на моторичкиот развој, туку претставуваат моторичко учење (Haywood & Getchell, 2005). Когнитивниот развој се однесува на промените во мислењето, помнењето, способноста за резонирање, перцепциите, вниманието, концентрацијата, говорот и фантазијата (Patterson, 2009). Социо-емоционалниот развој ги опфаќа развојните промени во емоциите, концептот за самиот себе, интерперсоналната комуникација и социјалните релации (Patterson, 2009).

2.4. Законитости во развојот на децата во претшколска возраст

Развојните промени во сите развојни домени се манифестираат на посебен и специфичен начин условени, пред сè, од возраста на децата и актуелната фаза на развој. Во таа смисла секој возрасен период има свои специфики и особености, но постојат и одредени законитости или општи тенденции на развојот кои имаат корени во созревањето и се независни од културните влијанија и учењето (Николоска, 2002). Тие законитости се:

- правец во развојот,
- интермитентност,
- константност на развојниот ред,
- алтернативност,
- латерализација на функциите (функционална асиметричност) и
- тенденција на елиминирање на излишно ангажираните мускули (Шкарић, 2004; Haywood & Getchell, 2005; Николовска, 2008; Smiljanič & Toličič, 1975).

Наведените законитости на развојот се однесуваат на сите развојни аспекти, но особено се потенцирани и видливи во сегментот на моторичкиот и сензорниот развој.

Правец во развојот. Физичкиот, моторичкиот и сетилниот развој се одвиваат во два правци: цефало-каудален и проксимо-дистален. Цефало-каудалниот правец на развојот означува дека развојните промени се одвиваат од главата кон долните екстремитети каде што врвот на стапалата е завршна точка на тој развој. Во таа смисла детето прво ја крева главата, потоа рамениците, продолжува да стои, да оди и најдоцна да се подига на прсти. Проксимо-дисталниот правец на развојот претставува развојна законитост според која развојните промени се одвиваат од поблиските кон подалечните делови од `рбетниот столб односно моторната контрола се воспоставува побрзо кај деловите кои се поблиску до `рбетниот столб, а потоа кај периферните делови. Во таа смисла, движењата во раменот зглоб се изведуваат во периодот на интраутериниот развој, опозицијата на палецот се јавува меѓу 3 и 4 месец, додека фаќањето на предметите со палец и со прстите се случува меѓу 8 и 9 месец од животот на новороденчето.[35]

[35]Тодоровски, Д. (2007) Методика на физичко образование, Штип: Педагошки факултет.

Интермитентноста во развојот се однесува на тенденцијата одредени форми на однесување да се појавуваат и губат, сè до нивно стабилизирање. Јавувањето и губењето на одредена функција или однесување се одвива неколкупати. Интервалот меѓу едното и другото јавување се намалува, додека времетраењето се продолжува сè до конечно зацврстување. На пример, детето ја крева главата со навршени шест недели, потоа оваа способност се губи за да се утврди во третиот месец од животот. Оваа законитост се однесува на моторичкиот развој, развојот на говорот и мислењето.[36]

Константност на развојниот ред или непроменливост на јавувањето на одредени функции означува одвивање на развојните промени по точно утврдени фази кои се надоврзуваат по константен и непроменет ред. Независно од индивидуалното темпо на развој, јавувањето на функциите секогаш оди по утврден ред односно способноста на детето да седи ќе се јави пред неговата способност да стои, исто како што прво почнува да оди пред да почне да трча. Алтернативност во развојот означува интензивен развој на одредена функција, додека останатите мируваат односно стагнираат, односно наизменично јавување на развојните функции. На пример, некои деца најпрво ќе прозборат, а потоа ќе проодат, додека други деца прво проодуваат, но не прозборуваат и проодуваат истовремено. Латерализацијата на функциите (функционална асиметричност) е тенденција која се однесува само на моторичкиот развој и подразбира промени од подеднаква контрола на билатералните органи кон контрола на унилатералните органи, односно детето кое по раѓањето е симетрично, постепено станува асиметрично или унилатерално, односно повешто се служи со едната рака, око, нога, стопало со конечна поголема развиеност на цела една страна на телото.

Тенденцијата на елиминирање на излишно ангажирани мускули претставува особеност на моторичкиот развој која се манифестира како склоност на малите деца при изведбата на движењата да вклучуваат многу непотребни мускулни групи и да трошат многу повеќе енергија. Во текот на развојот непотребните мускулни групи се исклучуваат, движењата стануваат порационални и поекономични.[37]

[36]Тодоровски, Д. (2007) Методика на физичко образование, Штип: Педагошки факултет.
[37]Тодоровски, Д. (2007) Методика на физичко образование, Штип: Педагошки факултет.

2.5. Развојни периоди и степени кај децата од претшколска возраст

Процесите на раст и развој на децата го опфаќаат периодот од зачнувањето до 18- годишна возраст, а се случуваат во домените на моторичкиот, когнитивниот, социјалниот и емоционалниот развој. Периодот од раѓањето до почетокот на зрелоста, генерално е поделен во три фази: до една година (доенче), детство и адолесценција (Malina et all, 2004; Santrock, 2008; Patterson, 2009).

Согласно со физичките и психолошките карактеристики, детството претставува подолг период во чии рамки се разликуваат повеќе потпериоди. Со мали разлики, најчесто применуваната поделба на детството ги опфаќа периодите:

- првите неколку недели од раѓањето – новороденче;
- период до 1 години - доенче (eng. infancy);
- период на мало дете 1 – 3 (eng. toddler);
- рано детство или предучилиштен период 3 – 6 години (eng. early childhood);
- средно детство или ран училиштен период 6/7 – 10/11 години (eng. middle childhood) и
- доцно детство или средна училишна возраст 10/11 – 14 години (eng. late childhood) (Stojanovič, 1977; Бердихова 1975; Шкариќ 2004, Malina et all, 2004; Николоска, 2008; Santrock, 2008; Patterson, 2009).

Поделбата на детството на развојни периоди е во корелација со интегрираноста на децата во воспитно-образовниот систем и нивната вклученост во воспитно-образовните институции кои се во релација со студиските групи на Факултетот за образовни науки.

2.3.1. Фази во моторичкиот развој

Секој развоен период се карактеризира со одредени специфики и промени кои произлегуваат од конкретниот период (Santrock, 2008). Овие промени се јавуваат во сите развојни домени. Од аспект на физичкото воспитание, неговите задачи и цели, особено се значајни промените кои се случуваат во доменот на моторичкиот развој и појавата на развојот на движењата во секој од наведените возрасни периоди. Во однос на возраста на децата, Gallahue & Ozmun (1998) моторичкиот развој го делат на следниве периоди:

1) Фаза на рефлексни движења - до 1 год:

 период на кодирање (прибирање) на информации кој трае од преднаталниот период до четири месец и

 период на декодирање (процесирање) на информациите кој трае од четири месеци до 1 година;

2) Фаза на почеток на движењата - до 2 год или фаза на инхибирање на рефлексите;

3) Фаза на основни движења од 2 до 7 год или почеток на основната зрела фаза:

 иницијална фаза (2- 3 години),

 елементарна фаза (4 – 5 години) и

 зрела фаза (6 – 7 години);

4) Фаза на специјализирани движења од 7 год па натаму, која се дели на:

 фаза на развој на општи моторички способности (7 – 10 год),

 фаза на развој на специфични моторички способности (10 – 13 год) и

  фаза на специјализација во движечките активности (од 13 год. натаму).

Во фазата на основни движења која трае од 2 до 7 години, движењата на децата постепено стануваат сè покоординирани и поефикасни. Оваа фаза е идеален период децата да ги совладаат фундаменталните движења односно основните локомоторни, манипулативни и нелокомоторни вештини. Овие движечки вештини се развиваат континуирано низ развојните фази (Papalia & Olids, 1981; Tihanuyi, 1982; Gallahue, 1987). Периодот од 2 до 3 години (иницијална фаза) се карактеризира со груби, неритмични, некоординирани движења во која најголемиот број компоненти од целината на движењата недостасуваат. Во следниот период на возраст од 3 до 4 години (елементарна фаза) се подобруваат координацијата и ритамот, децата имаат поголема контрола над нивните движења, но сè уште движењата им се неспретни и со недостаток на континуитет и флуидност. На возраст од 5 до 7 години, односно во зрелата фаза, најголемиот број фундаментални движења се усвоени и се карактеризира со интеграција на сите составни делови од движењето во целина. Движењата се координирани, механички исправни и ефикасни (Age group development program). По 7-годишна возраст започнува следната фаза на специјализирани движења која во почетокот е насочена кон развој на моторичките способности кои потоа,

преку примена на различни посложени форми на движење, овозможуваат развој на специфични движечки способности и усвојување на специфична техника од различни спортски дисциплини. Локомоторните, нелокомоторните и манипулативните движења се изведуваат сè побрзо, посигурно, координирано и целно се употребуваат во комплексни спортски и останати секојдневни активности (Gallahue & Ozmun, 1998, наведува Pišot & Planinšec, 2005).

2.6. Развојни карактеристики кај децата во предучилишна возраст

Децата не претставуваат мали возрасни луѓе. Тие се посебни инивидуи со свои карактеристики и специфични потреби кои произлегуваат од возраста и степенот на развој по кои значајно се разликуваат од возрасните. Разликите не се однесуваат само на степенот на развој или начин на однесување, туку и во градбата на органите, органските системи и организмот во целина како и во начинот на нивното функционирање. Познавањето на особеностите и спецификите на секој период се основен предуслов за успешна работа со одредена возрасна категорија. Ова подеднакво се однесува на физичкиот, функционалниот, моторичкиот, социјалниот и емоционалниот развој.

2.7. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ФИЗИЧКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ

Нарушувањата во развојот на најмладата популација на коскено-зглобно-мускулниот систем се секогаш актуелен проблем. Денес проблемот особено е присутен поради современиот начин на живот т.е. секоја година сè поголем број деца имаат деформитет на `рбетот. Причините не се секогаш познати, но со сигурност настануваат во најраната возраст. Покрај деформитетите на `рбетот, денес се повеќе се среќаваме со гојазност, хипотрофија на мускулатурата, рамни стапала, деформитети на долните екстремитети. Постојат податоци дека рамните стапала се застапени во 90 % од детската популација, а причина е современиот стил на живеење.

Денес децата се физички помалку активни, голем процент се неактивни. Не се играат детски игри во природа и во надворешен амбиент. Играњето се сведува на игри на компјутер, на лаптоп, на телефон и покрај телевизор. Начинот и стилот на животните навики е наполно сменет. Мора да се спомне и отсуството на родителите и трката по финансиска благосостојба, а за децата се има сè помалку време.[38]
Меѓу причините се и условите во училиштата. Важна улога имаат школските клупи, положбата на седење, осветлувањето, проветрувањето, хигиената, времето поминато на столче. Потребно е одморот помеѓу часовите да биде активен. Школските чанти (торби) се ризик-фактор за правилно држење на телото со пренапрегнување на одредени сегменти и преголем товар за детската фигура. Положбата, секако, е важна и во домашни услови, како и времето поминато надвор со играње и трчање.[39]

Факторот исхрана дополнително ја преполнува чашата. Денес се храниме претежно со брза храна која не го задоволува дневниот внес на потребните енергетски состојки кои се

[38]http://www.promedika.com.mk/mk-mk/Medical/News/1631
[39]http://www.promedika.com.mk/mk-mk/Medical/News/1631

многу важни за правилен раст и развој на детскиот организам (протеини, минерали, витамини, микроелементи, соли, вода).[40]

Секако, најзначаен ризик-фактор е физичката пасивност. Недостатокот на физичка активност директно влијае на правилниот развој на мускулите, коските и лигаменто-тетивниот апарат. Наставата по физичко воспитување треба да биде застапена со поголем фонд на часови и, секако, активно учество на децата во нив.[41]

Препорака до секој родител е да биде активен набљудувач на своето дете, да го следи будно развојот, активностите и потребите за правилен раст и развој на детето. Доколку се забележат отстапувања да се побара совет, помош или мислење од стручни лица, пред сè, од докторите (матичен, ортопед, физијатар), потоа од класните раководители и професорите по физичко воспитување.[42]

Промените во големината на некои делови од телото и на телото во целина, како и промената на односот помеѓу нив се означени како физички раст (Pišot & Planinšec, 2005; Haywood & Getchel, 2005). Телесната тежина и висина се најзначајни индикатори за промените во физичкиот раст и се значајно условени од полот и возраста на децата. Физичкиот раст се одвива во четири фази:

1) прва фаза на забрзан раст - кај новороденчињата и во раното детство;

2) прва фаза на забавен раст - континуиран, но забавен раст во периодот на средното детство;

3) втора фаза на забрзан раст - период на пубертет и

4) втора фаза на забавен раст - завршување на растот по адолесценијата.

Овие промени шематски формираат S – крива (sigmoid, сигмоидална крива) (Malina et al, 2004).

Телесна висина. Телесната висина ја следи S – кривата на раст односно забрзан раст во раното детство и забавен, но континиуран раст во периодот од 6 до 10 години. Најинтензивниот раст во висина се забележува до првата година, односно околу 2 см секој месец. До крајот на првата година од животот должината на доенчето е приближно двапати поголема отколку по раѓањето. Поконкретно, детето во првата година во висина

[40]http://www.promedika.com.mk/mk-mk/Medical/News/1631
[41]http://www.promedika.com.mk/mk-mk/Medical/News/1631
[42]http://www.promedika.com.mk/mk-mk/Medical/News/1631

просечно расте околу 25 см, во втората година 12,5 см, во третата година од 7,5 до 10 см, за веќе во четвртата година од животот до пубертетот годишно да расте од 5 до 7,5 см.

Телесна тежина. Паралелно со промените во телесната висина, настануваат и интензивни промени во телесната тежина. Промените во телесната тежина, покрај условеноста од другите фактори кои го определуваат развојот, значајно влијание има исхраната во квалитативен и квантитативен поглед. Тежината на новороденчето просечно изнесува од 2,5 до 4,5 кг. Машките деца вообичаено се потешки од женските. Во петтиот месец по раѓањето тежината вообичаено се удвојува, а кон крајот на првата година детето е трипати потешко отколку по раѓањето. Со текот на годините тежината на телото постепено се зголемува, а се намалуваат и разликите меѓу машките и женските деца.

По втората година детето е четирипати потешко отколку по раѓањето. Во периодот од 5 до 10-годишна возраст детето во тежина годишно добива околу 2,5 кг (Gallahue, 1987 наведено во Age group develioment; Pišot & Planinšec, 2005).

2.8. Когнитивен раст и развој

Промените во мислењето, помнењето, перцепциите, вниманието, концентрацијата, говорот и фантазијата се опфатени со когнитивниот развој (Patterson, 2008). Во детството когнитивниот развој е бурен и интензивен, се карактеризира со постојани развојни промени поинакви во секоја возраст. Поради големите разлики во промените когнитивниот развој ќе го разгледаме во три возрасни групи: период на мало дете, рано детство и средно детство.

Како што рековме, врз развојот на личноста влијаат различни фактори: околината којашто го вклучува педагошкото дејствување, наследството (потенцијалните способности) предиспозиции од коишто во најголема мера зависат достигнувањата во развојот и чијшто развој, исто така, „стимуллира“ и насочува педагошко делување, и (само) активноста односно односот на личноста кон околината во којашто се развива, а која, исто така, педагошки „стимулира“ и насочува. Рековме дека личноста е единствена, динамична структура којашто ги вклучува сите способности, знаења, вештини, навики, ставови, интереси. и склоности. Претходно ја споменавме структурата на човековата личност –

спознајното подрачје коешто се искажува со знаењето и интелектуалните способности (во педагошка смисла се однесува на образованието), афективното коешто се искажува со интереси, емоции, ставови – однесувања (во педагошка смисла се однесува на воспитанието) и психомоторичко подрачје коешто се искажува со спретност, вештини и психомоторички способности (во педагошка смисла се однесува на обучувањето).

Иако станува збор за три различни подрачја на личноста, треба да истакнеме дека станува збор за три различни аспекти на единствена личност коишто се ограничени. Развојот на еден аспект секогаш влијае и врз развојот на другите два аспекти, никако само на тоа едно подрачје. Со други зборови, содржините и активностите кои се насочени врз развојот на едно подрачје неминовно влијаат и на останатите две подрачја така што со промена, развојот на единствена личност ја сочинуваат синтезата на развој на сите три подрачја.[43] Личноста ја карактеризира самостојноста на ставовите и делувањето, свесноста на способностите и карактерот, чувството на внатрешна независност, успешност на извршување одреден облик на општествено корисна работа, одговорност за постапките и одговорност пред општественото опкружување што може во квалитативна смисла да биде само резултат на развој на сите аспекти кои со меѓусебно делување го сочинуваат развојот на целосната и единствена личност. Развојот на секое подрачје (аспект на личноста), сепак, има некои специфичности и во секое подрачје на развојот поминува низ неколку фази (квалитативни нивоа). Развојот на секое подрачје започнува со примање (усвојување и задржување) и помнење на „информации“. Пијаже разликува три главни категории на помнење:

- „помнење во билошка смисла“ (претставува одржување на животот на единката);
- помнење поврзано со самото однесување (одржување на сензомоторичките шеми и навики кои се настанати како резултат на моторичкото повторување – одржување на операционална шема) и „психомоторичко помнење“ и
- „психомоторичкоти помнење во строга смисла“ кое се однесува на довикување на минатото – интелектуално помнење.

[43]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана учулишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

Ги наведуваме нивоата за секое подрачје и посебно ја истакнуваме улогата на учителот во процесот на развој на секое ниво, а со тоа и развојот во процесот на оспособување на личноста.[44]

2.8.1. Когнитивен развој во периодот на мало дете од една до три години

Периодот од една до три години е период на интензивен когнитивен развој. Според теоријата за когнитвниот развој (Пијаже) децата на оваа возраст се наоѓаат во т.н. сензомоторна фаза која е поделена на шест потфази од кои последните две се однесуваат на периодот од една до две години и се карактеризираат со изведување на движења со цел решавање на одредени проблеми (12 – 18 месеци) и користење на ментални слики или останати претстави за решавање на проблеми (18 – 24 месеци) (Patterson, 2009), односно децата формираат одредени претстави за големина, облик, растојание со чија примена ја запознаваат околината, преземаат одредени активности и решаваат проблеми. На тригодишна возраст детето разликува големо и мало, малку и многу, прераскажува случки. Се развиваат помнењето и фантазијата. Интензивно се развива говорот. На крајот на втората година детето користи околу 260 зборови, прави мали реченици. Почнува да се формира како мала индивидуа, поставува прашања на кои очекува одговори. Со зборови бара да јаде и да пие, го изговара своето име. Учи самостојно да јаде. Главна карактеристика на овој период е големата љубопитност за сè што ги опкружува. Започнуваат симболичките игри, детето решава одредени проблеми користејќи помагала, ги поврзува предметите и појавите, учи со увидување. [45]

[44]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана училишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип
[45]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана училишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

2.8.2. Когнитивен развој во периодот на рано детство од три до шестгодишна возраст

Во предучилишниот период продолжува напредокот во когнитивниот развој. Согласно со теоријата на Пијаже за периодите во когнитивниот развој, децата во предучилишната возраст се наоѓаат во предоперационалниот период (2 – 7 год.) кој се карактеризира со значаен напредок во говорот и стекнувањето поими. Карактеристично за оваа фаза е користењето на ментални симболи (зборови и претстави)[46] со кои ги претставуваат предметите, ситуациите и настаните од околината. Начинот на мислењето кај децата значајно се разликува од логичкото размислување кај возрасните и се карактеризира со конкретност (детето размислува само за видливи предмети кои се поврзани со моменталната ситуација), иреверзибилност (нема логичко поврзување на заемно поврзани појави), егоцентризам (сите околу него гледаат и размислуваат на ист начин како него), центрација (насоченост на само еден аспект од ситуацијата), зависност од перцепцијата, трансдуктивно расудување (неможност за меѓусебно поврзување и споредување на познати поими), сè уште не ги користи индуктивното и дедуктивното размислување (Vidović i sar, 2003; Шкариќ, 2004; Николоска, 2008). Когнитивниот развој во периодот меѓу три и шест години е многу интензивен. На четиригодишна возраст децата почнуваат да се ориентираат во време и денови во неделата, започнува каузалното мислење; на петгодишна возраст разликува напред и назад, раскажува по слики, прераскажува кратки приказни; возраста од шест години е период во кој детето разликува лева и десна страна, знае што е во средина, раскажува приказна откако ќе ја чуе, воочува разлики, посочува како се употребува одреден премет.[47] Иако има забрзан интелектуален развој, детето има тешкотии да го задржи вниманието и концентрацијата, брзо минува од една на друга улога, од еден на друг предмет. Затоа му е неопходна помош и насочување од возрасните.[48] Карактеристика на овој период е љубопитноста, интересирањето и постојаните прашања: каде, кога, зошто. Децата покажуваат интерес за сè поголема употреба на симболички функции и значајно се развива говорот (Piaget, 1970; Gallahue,

[46]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана учулишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип
[47]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана учулишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип
[48]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана учулишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

1987). Говорот сè повеќе се ослободува од погрешното говорно изразување и станува сè поразбирлив. Според развојните психолози (Пијаже, Алтман), когнитивниот развој се одвива истовремено со моторичкиот развој односно моторичката активност обезбедува ексцитација на ЦНС што ја одредува мотириката како стимулатор на севкупниот развој на детето. Од друга страна, преку моторичката активност се стимулираат речиси сите когнитивни функции. Оттука моторичката активност е од непроценливо значење за целокупниот развој особено во првите шест години од детскиот живот (Pišot & Planinšec, 2005).

2.8.3. Когнитивен развој во периодот на средно детство од седум до единаесет години

Во период на шест и седумгодишна возраст децата почнуваат да користат логички операции и правила при решавањето на проблемите наместо користењето на интуицијата (Piaget, 1970). Децата во овој период започнуваат да го користат каузалното мислење. Помнењето станува сè потрајно, но тие сè уште не се во состојба ефикасно да го користат како возрасните и затоа им е потребно подолго време за да ги запомнат обработените информации. Како се зголемува фондот на знаења, така им се подобрува меморијата (Haywood, 1993) со што се зголемува и способноста за учење. Мислењето е сè повеќе искуствено, синтезата како мисловна активност сè повеќе се применува. Во периодот помеѓу седум и осум години забележително е зголемувањето на способноста за концентрација (Gallahue, 1987, Tihansy, 1990) и се зголемува од одделение во одделение. Вниманието и концентрацијата на децата значајно се условени од нивниот интерес, од нивната волја и од активната вклученост во дадена активност.[49] Преку примена на активности кои се интересни и забавни, кои ги активираат и мотивираат децата, вниманието може да се задржи подолго време (Gallahue ,1987). Децата се диференцираат според видот на помнење односно некои го помнат напишаното (визуелни типови), некои слушнатото (аудитивни типови), некои она што ќе го напишат (моторички типови) или

[49]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана учулишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

подеднакво исто од сите сложени форми. Перцепциите на децата на оваа возраст стануваат диференцирани и насочени согласно со нивниот интерес и волја. Овој период уште се нарекува и „наивен реализам" бидејќи детето го сфаќа светот таков каков што е. Перцепциите се целосни, насочени кон целината, но не и посебните делови (Haywood, 1993). Перцепцијата на времето и временските периоди како што се недела и година подобро се распознаваат и временски се ориентира според своето искуство. Говорот продолжува да се подобрува и станува сè поразбирлив. Континуирано се збогатува детскиот речник, па така седумгодишните деца разбираат приближно 10 000 зборови и го продолжуваат пасивниот речник со фреквенција од 20 зборови на ден (Anglin, 1993, наведува Николовска, 2008), додека активно користат и знаат околу 3600 зборови. Содржината на детскиот говор се состои од теми од детското секојдневие. Детската фантазија во период од седум до единаесетгодишна возраст е многу развиена и жива, но нестабилна. Децата имаат голема когнитивна флексибилност и голем дел од нивното време поминуваат во играње имагинарни игри (Piaget, 1970; Gallahue, 1987; Orlick,). Овие игри се значајни за развивање на детското творештво и креативност.

2.9. Когнитивни подрачја во растот и развојот на личноста од претшколска возраст

2.9.1. Когнитивно подрачје – подрачје на образование

Ова подрачје се однесува на процесот на усвојување, запомнување и задржување (памтење) на информациите, на стекнување знаења и развој на интелектуални вештини и способности. Цел е максимален развој на интелектуалните потенцијали на личноста. Основни се неколку квалитативни нивоа на равој: знаење, сознание (примање), запомнување, памтење, меморирање и репродуцирање на информацијата (на фактите). Воопшто за да може да се стекнуваат (усвојуваат) знаења потребно е да се добијат информации кои одговараат, факти кои со содржината се насочени на оние сознанија кои се цел на образованието, а кои се насочени на развојната промена на личноста. Затоа задача на наставникот е да даде вистинска информација на ученикот односно поединецот,

да го насочи кон неговото истражување, да му овозможи пристап до вистинските информации, факти, знаење со оглед на тоа која цел сака да ја постигне.[50]

Сфаќање односно разбирање на примените информации, факти, знаења како претпоставки за нивната примена односно способност за толкување, објаснување на примените и усвоените знаења. Само давање на информации и факти односно усвојување на знаењето не е и информација дека поединецот ги разбрал односно дека ги усвоил како одредена вредност на општеството. Затоа, задача на наставникот е да даде информации и знаења со такво објаснување коешто ученикот ќе може да го сфати, да ја разбере „пораката“ и да се провери дали ученикот може да објасни за што станува збор.

Примена – согледување на можностите за примена на усвоените и примените информации (знаења). Знаењето кое се усвојува и се разбира не е секогаш доволно за да се осознае можноста или вредноста и областа на неговата примена. Според тоа секое знаење кое го усвојува поединецот, кое му се пренесува, треба да се обработува и од аспект на негова примена во секојдневниот живот, во науката или технологијата. Затоа задача на наставникот е да му даде или овозможи на ученикот сам да ја увиди можноста на примена на своето усвоено знаење, во кое подрачје, каде и како може истото да се примени. Анализа и синтеза опфаќа анализа на усвоените информации, разликување на факти од претпоставки, битно од небитно, поврзување и средување на битните елементи во составот знаење - синтеза.

Рационални сознанија. Знаењето не бара помнење на сите информации кои се во процесот на стекнување на усвоени знаења. Не е секогаш потребно да се запамтат сите објаснувања кои биле потребни при усвојување и сфаќање на одредено знаење за да се усвои знаењето. Објаснувањата се потребни за да се разбере суштината на важноста во процесот на усвојување на знаења, но по сфаќањето на суштината и на дополнителните информации како објаснување стануваат неважни и можат да се „отфрлат“. Од важното се создава синтеза и се обликува системот на знаења. Затоа задача на наставникот е критички да ги разгледа проблемите и така да ја развие способноста за аналитичко мислење и квалитативно (вредносно) синтетизирање на знаењето.

[50]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана учулишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

Вреднување – оспособување за квалитативно селективно вреднување на усвоеното знаења, факти и информации. Секое спознание, секое знаење кое го добиваме не е еднакво вредно. Знаењето го вреднуваме според критериумите создадени на основа на претходните знаења и искуства и така пресудуваме, ја проценуваме точноста, оправданоста на некои тврдења, постапки, наоди, информации. Без добро познавање на проблемите и на појавите не е можно вреднување бидејќи просудувањето на вредностите за нешто за што не го разбитаме, не го знаеме или не сме го сфатиле не е можно. Затоа, задача на наставникот е со аналитички и проблемски пристап да се обработи информацијата, развивање на способности за критичко мислење, способност за расудување на квалитетот на точност и оправданоста на факторите, информциите, сознанијата. Развивање на сознајното подрачје се искажува со знаење, интелектуални вештини и интелектуални способности и способностите за аналитичко, синтетичко, создавачко и критичко мислење.

2.9.2. Конативно подрачје – подрачје на воспитание

Ова подрачје се однесува на процесот на развој на афективното доживување на светот, на развојот на интереси, емоции, усвојување на ставови и формирање на верувања како битни компоненти на однесување на личноста. Цел е макасимален развој на волевите потенцијали на личноста. Постојат пет квалитативни нивоа на развој: примање, „доживување", „ усвојување", „спознавање" на одредени појави или некој феномен кој предизвикува внатрешна, афективна – емоционална реакција. Набљудувањето на некоја појава, феномен, уметничко дело, морален или воспитен чин или пак активност секогаш предизвикува одредена „внатрешна" афективна, емоцилнална реакција. Појавата на некој начин мораме да ја видиме, да ја почувствуваме, да ја осознаеме, мораме да ја доживееме. Затоа задача на наставникот е целовито да ја избере појавата и да се осигура дека ученикот може нив емотивно да ги доживее, да го заинтересира „позитивно" да реагира, да ја прифати соработката.

Реагирање – емотивна реакција на доживеаната појава. Позитивна реакција на одредена појава, феномен, настанува дури ако таа предизвикува внимание, ако за неа се покаже

интерес, ако појавата се доживее како личен интерес. Затоа задача на наставникот е целовитата организација на педагошката работа да предизвика „емотивен одговор“ на ученикот, заинтересираниот ученик тоа да го доживува како своја активност која кај него ќе предизвика задоволство.

Заземање став – усвојување на личното / + или - / ставот за појавата. За секое спознание или појава која сме ја доживеале, усвоиле и на која емотивно сме реагирале, неизбежно се зазема некој став. Тој став зависи од содржината за примена, од интересот, од личната проценка на вредностите и од условите во кои појавата се доживува. Затоа, задача на наставникот е да создава атмосфера и да го насочува ученикот појавата да ја доживее како своја и неговото „внатрешно“ доживување да прерасне во уверување и тоа да стане негов „надворешен“ став кој е способен да се искаже.[51]

Систематизација – вградување на усвоените ставови во лични вредносни ставови. Како што нема појави кои би биле изолирани сами за себе, нема ниту знаења за некоја појава кое би било изолирано само за себе, исто така ниту кој било став не може да биде сам за себе, мора да биде поврзан барем индиректно со некој друг став за иста појава или различни појави. Ставовите за исти или слични појави рационално ги вградуваме во системот. Затоа, задача на наставникот е да го увери ученикот во исправноста на усвоенот став при што тој ќе стане негово уверување и да го насочи ученикот на поврзување на усвоените ставови со веќе изградените лични вреносни ставови.

Карактеризација – највисоко квалитативно ниво на равојот во кое усвоедниот став за појавата станал основна на однесувањето. Системот на ставови кои станале уверувања во големе мера влијаат на сфаќањето на светот и на односот спрема надворешниот свет, го одредуваат погледот на светот и однесувањето на поединецот. Затоа, задача на наставнокот е да го поттикне критичкото вреднување на усвоенот став, така што усвоениот став, вредност ќе стане постојана карактеристика на личноста и нејзиното однесување. Развиеноста на афективното подрачје се искажува со однесување односно со ставови и разумни интереси. Знаењето, сознанието и доживувањето на појавите е основа

[51]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана учулишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

за усвојување на ставови и разумни интереси. Цврсто усвоените ставови и изградените уверувања на основа на нив стануваат трајни облици на однесување. Новите сознанија влијаат на промена на ставовите, а доживувањето на појавите значи и усвојување на нови факти односно знаења што го прави спознајното и афективното подрачје нераскинливо.

2.9.3. Психомоторичко подрачје - подрачје за обучување

Ова подрачје се однесува на процесот на развој на моториката - движење, моторички движења, моторички вештини и психомоторички способности. Во педагошката теорија и практика, како што во првото поглавје детално е опишано, психомоторичкото подрачје во целина, па и кај развој на личноста, традиционалната педагогија не ја интересира. Ретки се современите педагошки теоритичари, кај нас и во светот, кои се занимаваат со проблемите на психомоторичкото подрачје Со ова подрачје, но не и од аспект на оспособување за работа, туку од аспект на спортски активности се занимаваат единствено кинеолозите теоретичари за телесна култура. Како и претходните две, так и ова подрачје има пет квалитативни нивоа во процесот на развој, а целта е максимален развој на психомоторичкиот потенцијал на личноста.

Имитација - внатрешни дејствија врз основа на виденото, доживеано искуство, активност. Целовитото „учење“, изведување на некоја моторичка активност, главно, започнува со „внатрешно изведување“ на основите на некои, на пример, усни, писмени или графички дадени упатства. Откако ќе видиме или чуеме како тие се изведуваат, сакаме да ги повториме, сакаме да ги имитираме. Затоа, задача на наставникот е да му покаже на ученикот како правилно се изведува одредена активност, работа, движење.

Манипулација: прво експериментално изведување - повторување на „веќе виденатa“ работа на психомоторичките активности. Откако ќе озоснаеме како правилно и со што се изведува некоја моторичка работа за која сме покажале интерес и сме заклучиле дека ни е

корисна, се обидуваме сами да ја изведеме со преземање активност и со покренување на сопствените моторички структури.

Затоа, задача на наставникот е да осигура услови и да го подготви ученикот сам да се обиде да ја заврши работата, да изврши активност и да даде евентуална инструкција (повторно истовремено покажување и објаснување за изведбата).

Прецизација – вежбање и прецизирање на активности со кои се развива брзина и вештина. Со повторување на активноста расте самодовербата и самостојноста во реализирање на активноста и има шанси ученикот да постигне успех. Моторичката вештина се развива со вежбање и повторување, како и со памтење. Затоа, задача на наставникот е да ги организира сите активности кои ќе му овозможат на ученикот самостојно изведување на работата со можност за контрола на исправноста, движењето и активностите.[52]

Анализа и синтеза: поврзување на усвоените движења и вештини во целосни присхомоторички активности (усвојување на умеења). Рационалноста и квалитетот на изведувањето на моторичките активности бара да го анализираме секое движење и сите движења рационално да ги поврземе за да можеме да добиеме целосна психомоторичка активност. Затоа, задача на наставникот е да го насочи ученикот на рационално поврзување на движењата и вештитните во целосна психомоторичка активност, развивање на умеења, синтетизирање на веќе усвоените знаења и вештини. Натурализација – усвоените психомоторичи вештини и нивна употреба во квалтетно оспособување. Изградената (развиена) психомоторичка структура станува научена, „запаметена“ и повеќе не бара големо ангажирање на когнитивните активности, изведување на работата, движењето преминува во навика, работата успешно се изведува со минимално размислување или потполно размислување. Затоа, задача на наставникот е да го следи напредокот и да соработува со ученикот додека не постигне квалитет и сигурност, успешност и самостојност во извршувањето на работата. Развиеноста на психомоторното подрачје се искажува со психомоторни вештини, спретност и психомоторички вештини, спретност и психомоторички способности. Развиеното сознајно и психомоторичко подрачје овозможува умеења односно практично искажување на

[52]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана учулишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

знаењата. Во сите подрачја и аспекти на развој почнува значително влијание на сознајните активности, а резултатот во голема мерка зависи од целта, квалитетот и интензитетот на педагошкото делување. Општеството мора да создава оптимални услови за развој на секој поединец. Тоа, пред се, претпоставува барање, на секој поединец, посебно во детството, да му се осигураат такви услови во кои сите негови диспозиции ќе имаат можност да се развијат и да дојдат до израз. Познавањето и прифаќањето на наведените квалитативни нивоа на развој на поедини подрачја на структурата на личноста многу им се корисни на учителите за утврдување на целите и нивна операционализација односно разработка на задачите и нивно остварување во процесот на образование, воспитание и обучување односно оспособување.[53]

3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Когнитивниот развој како цел и задача на истражувањето во магистерскиот труд првенствено се занимава со начините на кои новороденчињата, како и децата, ги стекнуваат и развиваат, но исто така и ги користат внатрешните ментални способности како што се решавање на проблемот, меморија и говор. Главни теми на когнитивниот развој се студиите за усвојување на говорот како и развој на перцептивните и моторните вештини. Пијаже бил еден од првите највлијателни психолози кој го проучувал развојот на когнитивните способности. Неговата теорија укажува дека развојот продолжува преку збир на фази од детството до зрелата возраст и дека таму е крајната точка или целта. Други гледишта, како на пример на Лав Виготски, укажуваат дека развојот не напредува низ фазите, туку дека развојниот процес, кој почнува со раѓањето и трае сè до смртта, е премногу сложен за таква структура и дефинитивност. Современиот когнитивен развој ги обедини размислувањата од когнитивната психологија и на психологијата на

[53]Биљана Попеска (2012): Физичко воспитание и образование кај децата од предучилишна и рана учулишна возраст, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за образовни науки – Штип

индивидуалните разлики во објаснувањето и моделирањетро на развојот. Конкретно, теориите на следбениците на Пијаже за когнитивниот развој покажаа дека последователните нивоа или фази на когнитивниот развој се поврзани со зголемување на ефикасноста за обработување на информации и на капацитетот на работната меморија. Овие зголемувања го објаснуваат напредувањето кон повисоките фази, а поединечните разлики во таквите зголемувања кај лица на иста возраст ги објаснуваат разликите во когнитивните перформанси. Други теории се оддалечија од фазите на теориите на Пијаже и се под влијание на гледиштата на доменот за обработка на специфични информации кои претпоставуваат дека развојот е воден од страна на одредени вродени еволутивни процеси и содржината на механизмите за обработка на специфичните информации.

Покрај познавањето на одредени принципи, како и промените што се случуваат во предучилишниот период, неопходно е трајно подобрување на предучилишното образование. Покрај познавањето на развојните карактеристики на децата од предучилишна возраст, родителите, старателите, како и другите лица вклучени во образованието на децата од предучилишна возраст, се поставуваат и задачи што треба да се спроведат за да се развие детето во ментално силна личност.

Семејството е најважниот фактор и најзначајното опкружување во кое детето треба да се чувствува слободно, удобно, во кое ќе се развива здраво. Психолозите истакнуваат дека, за правилен развој, на детето му е потребна љубов, исто како и здрава храна и чист воздух, а тоа го докажуваат статистичките показатели за проблематично однесување на несаканите, отфрлените, вонбрачните, посвоените деца, како и децата од несреќни бракови итн. Статистичките податоци покажуваат дека децата од хармонични семејства се физички напредни и интелектуално супериорни.

Треба да се води грижа за детскиот физички и морален развој, како и интелектуалните способности, естетското искуство итн. Некои од задачите на родителите во однос на децата од предучилишниот период се:

- да им се овозможи на децата да ја задоволат нивната потреба за игра;
- да се создадат предуслови за хармоничен раст и развој и среќно детство;

- да ја негуваат и развиваат приврзаноста на децата со родителите, другите деца и возрасните, нивниот регион, луѓето, другите нации и националности;
- да се поттикне интересот и знаењето кај децата за потребата од грижа и заштита, како и за развој на животната средина;
- кај децата да се развиваат чувство на благосостојба, зајакнување на телото и хармоничен ментален и физички развој;
- преку избрани литературни, музички, визуелни и други содржини кај децата да се придонесе за развој на естетски и морални чувства;,
- да се развијат чувство на другарство, пријателство, меѓусебна соработка и еднаквост кај децата;
- да го поттикнат, да го помогнат и да го насочат развојот на детското внимание, меморија, способност, набљудување и размислување;
- да се развие и да се збогати детскиот речник како значаен фактор во комуникацијата;,
- да се стимулира и да се зајакне интересот кај децата за естетски доживувања на природата и човековата креативност, како и развој на креативната имагинација;
- да им се обезбеди на децата основно знаење за природата, животот и работата на луѓето;
- развој на ситната мускулатура (особено рацете и прстите) кај децата како значаен фактор во техниката на пишување и
- децата да се подготват за успешно вклучување во основното образование.

Покрај погоре наведеното, исклучително е важно за децата да се обезбеди соодветна атмосфера за растење и предучилишно образование што на секое дете ќе му овозможи да го развие својот потенцијал и да го пронајде својот пат за напредок и личен развој. Треба да се посвети значително време и енергија на предучилишното образование на децата бидејќи многу студии докажаа дека ова е најтрофејниот период на развој во кој се поставени темелите кои го одредуваат целокупниот процес на натамошен развој и обликување на човекот.

Исклучително е важна грижата, не само за физичкиот раст и развој, туку и за менталниот и интелектуалниот развој на детето. Во почетокот на растот и развојот на детето, родителите играат најважната улога.

Како цел и задача на истражувањето во магистерскиот труд се поставени Хипотези од кои ќе произлезе основната цел и задача на истражувањето во магистерскиот труд и тоа:

- Хипотеза 1: Совладување на одредени препреки и учење на детето уште од најраното детство и колку тоао е важно за севкупниот развој на личноста;
- Хипотеза 2: Теориите и истражувањата укажуваат на значењето на раното детство за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој, а со тоа и на важноста на организираното создавање услови за тој развој;
- Хипотеза 3: Развојот претставува процес на промена кој настанува како резултат на почитување на индивидуалните карактеристики на детето, следење на неговите внатрешни сили и природниот развој во кој детето ги зголемува и ги зајакнува вештините за движење, размислување, чувствување, зборување.
- Хипотеза 4: Континуирано следење на детскиот развој уште од најрана возраст;
- Хипотеза 5: Континуирано следење на совладувањето на одредени задачи и учење кај децата со цел создавање навики од најрана претшколска возраст;

4. МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ НА РАБОТА

4.1. Материјали на работа

Како материјал за работа при истражувањето во магистерскиот труд се земени две групи родители и тоа:

- 100 родители на деца од нула до тригодишна возраст,
- 100 родители на деца од три до шестгодишна возраст,
- 120 деца на возраст од нула до три години и
- 110 деца на возраст од три до шест години.

Како материјал за работа беа земени и два анкетни прашалници од кои анкетниот прашалник број 1 беше наменет за родителите чии деца се на возраст од нула до три години, додека анкетниот прашалник број 2 беше наменет за родители чии деца се на возраст од три до шест години.

Исто така, децата беа оценувани и тоа со оценки од еден до пет кои, исто така, беа поделени во две групи и тоа:

- деца на возраст од нула до три години и
- деца на возраст од три до шест години.

4.2. Методи на работа

Добиените резултати од испитувањата на магистерскиот труд се статистички обработени, јасно и прегледно претставени во табели и графикони од каде што јасно може да се види развојот на децата од нула до три години и од три до шест години односно когнитивниот раст и развој на децата во претшколска возраст.

Со самата систематизација и групирање на податоците се добија поконкретни вредности со што се овозможи нивна статистичка обработка при што наредната фаза беше систематизирање на податоците во Microsoft Office Excel од каде што се пристапи кон нивна понатамошна обработка на добиените резултати од теренското истражување.


Теренското истражување се изведуваше во временски интервал од една година и тоа од 1.1.2019 до 31.12.2019 година. Во временскиот интервал од јануари до јуни 2019 година испитувањето се одвиваше на родители чии деца се од нула до три и од три до шест години додека во времеснкиот интервал до јули до декември 2019 испитувањето се вршеше врз самите деца кои се на возраст од нула до три години и од три до шест години.

(Родители чии деца се на возраст од нула до три години)												
	n	Задоволни		Делимично задоволни		Незадоволни		Без одговор		Вкупно ∑		Просечна оцена
		n	**%**	**n**	**%**	**n**	**%**	**n**	**%**	**n**	**%**	
Способност да истражува и да открива нови работи, нови предмети	100	85	85%	15	15%	0	0%	0	0%	100	100,00	**4,10**

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Сподобност да ги користат сетилата (допир, мирис, вкус) во спознавањето на нови работи	100	68	68%	30	30%	2	2%	0	0%	100	100,00	**3,70**
Способност за препознавање на предмети и на живи луѓе (родители, сестра, брат, или некој од потесното семејство)	100	60	60%	35	35%	5	5%	0	0%	100	100,00	**3,50**
Способност за користење на зборови за да комуницира	100	62	62%	36	36%	2	2%	0	0%	100	100,00	**3,58**
Способност да реагира на глас, студ, топлина, болка	100	75	75%	23	23%	2	2%	0	0%	100	100,00	**3,95**

На табелата број 1 се претставени резултатите од теренското истражување каде што беа испитани вкупно 100 родители на деца од нула до три години во контекст на конгнестивниот раст и развој на нивните деца. Според тоа се поставени вкупно пет клучни алатки со коишто можеме да добиеме една слика за степенот на правилен раст и развој на децата од оваа група.



Графикон број 1

Децата од својата најрана возраст пројавуваат голем интерес за истражувања, за откривање нови работи, нови предмети со што го спознаваат светот и околината. Секое дете, уште од својата најрана возраст кога почнува да се движи и да истражува нови работи, пројавува интерес за секој нов предмет кој го видело или сака да ја испита новата средина во којашто се наоѓа. Денес живееме во време кога когнитивниот раст и развој на децата е лесно забележлив. Од разговорот со родителите на повеќето од децата што се потврди и кои беа предмет на истражување во магистерскиот труд заклучивме дека нивните деца од најрани години се хиперактивни и постојано пројавуваат желба за откривање на нови работи, нови предмети итн.

На графиконот број 1 се прикажани добиените резултати од статистичката обработка на податоците кои беа добиени од истражувачкиот процес во кој беа вклучени

100 родители од Прилеп, Битола, Крушево и Ресен чии деца се на возраст од нула до три години.

Притоа, на констатацијата дали родителите се задоволни или не се задоволни од интересот на нивните деца да откриваат новитети, нови работи, нови предмети, од вкупно 100 анкетирани родители, целосно се задоволни 85%, а делуно се задоволни 15%, нема незадоволни (0%) и родители што немаат одговор (0%).

Со статистичка обработка на податоците за оваа констатација добиена е оценка од еден до пет со интервал 4,10.

Оттука можеме да констатираме дека децата на возраст од нула до три години се љубопитни и склони на откривање на новитети, нови работи и нови предмети и да ја запознаваат новата средина во којашто живеат што е позитивен фактор во нивниот когнитивен раст и развој.



Графикон број 2

Со статистичка обработка на податоците од спроведеното истражување кај родителите чии деца се на возраст од нула до три години на констатацијата дали нивните деца се способни да користат сетила за допир, мирис, вкус при процесот на откривање на нови работи добиен е графиконот број 2.

Сетилата за мирис, вкус и допир се сетила со кои децата од најрана возраст знаат и спознаваат работи како што се храна, пијалак итн.

Притоа, на анкетната констатација дали анкетираните родители се задоволни од способноста на нивните деца на возраст од нула до три години да ги користат сетилата за

допир, мирис и вкус во процесот на спознавање на нови работи во текот на нивниот когнитивен раст и развој, целосно задоволни биле 68 % од вкупниот број анкетирани родители кои зедоа учество во истражувачкиот процес, делумно задоволни со оваа констатација се 30 %, додека како незадоволни се изјасниле 2 % од испитаните родители. Од вкупно 100 анкетирани родители кои зедоа учество во истражувањето на магистерскиот труд, немаше родители коишто немаат одговор на оваа анкетна констатација.

Со статистичка пресметка за оваа констатација добиена е просечна оценка 3,70 на скалата од еден до пет од каде што можеме да констатираме дека децата во текот на нивниот когнитивен раст и развој на возраст од нула до три години се добри во користењето на сетилата за вкус, мирис и допир, но сепак овие сетила на оваа возраст сè уште не се целосно развиени и оспособени за децата да можат во целост да ги користат.



Графикон број 3

Препознавањето на предмети, живи луѓе, луѓе од своето потесно семејство (родители, брат, сестра итн.) се индикатор за децата од нула до три години дека правилно напредуваат во когнитивниот раст и развој и индикатор дека овие деца успешно ги користат почетните интелектуални вештини во процесот на препознацвање на блиски луѓе од своето потесно семејство.

На графиконот број 3 се претставени добиените резултати од статистичката обработка на податоците од анкетното истражување број 1 во кое беа вклучени 100 родители чии деца се на возраст од нула до три години.

Притоа, на анкетната констатација дали се задоволни и во која мера се задоволни од способноста на нивните деца да препознаваат предмети кои веќе ги виделе во минатото, да препознаваат живи луѓе од своето потесно семејство или луѓе со кои веќе имале средба во минатото, како целосно задоволни се изјасниле 60 % од анкетираните лица, како делумно задоволни со оваа констатација се изјасниле 35 % од анкетираните родители, додека како незадоволни се изјасниле 5 % од вкупниот број на анкетирани лица. На оваа анкетна констатација од вкупно 100 анкетирани родители кои зедоа учество во процесот на истражување во магистерскиот труд немаше родители коишто немаат одговор (0 %).

Просечната оценка на скалилото од еден до пет за оваа анкетна констатација со статистичка обработка на податоците е 3,5 што е индикатор дека децата во оваа возраст во поглед на оваа анкетна контатација постигнуваат добри резултати.



Графикон број 4

Секој нов ден, во секој момент, сите живи суштества меѓусебно комуницираат односно применуваат различни средства за да ги разменат своите знаци, мислења, ставови и преку соработка да остварат врска со другите. Комуникацијата претставува чин на воспоставување врска со други луѓе. Комуникацијата, во суштина, е основа на целиот жив свет односно, за да се живее, мора да се комуницира. Поради тоа луѓето од самите свои почетоци комуницираат т.е. воспоставуваат комуникациска врска меѓу себе

Важно е да се каже и да се напоменеме дека комуникацијата секогаш, без исклучок, мора да е двонасочен процес и во себе вклучува два важни сегмента а тоа се: обид да се разберат зборовите, мислите како и чувствата што ги изразуваат другите со кои сте вклучени во комуникациски процес и, од друга страна, нашата реакција на тоа.

Децата од својата најрана возраст се обидуваат да комуницираат, да кажат одредени зборови, одредени реченици и на тој начин се оспособуваат да говорат, што е битен фактор во процесот на когнитивниот раст и развој.

На графиконот број 4 се претставни добиените резултати од анкетниот лист број 1 во кој беа анкетирани 100 родители чии деца се на возраст од нула до три години.

Притоа, на анкетната констатација дали анкетираните родители се задоволни од децата во процесот децата да користат зборови, да сврзуваат реченици или да се обидуваат да комуницираат, како целосно задоволни се изјасниле 62 % од вкупниот број на анкетирани родители, како делумно задоволни се изјасниле 36%, додека како незадоволни се изјасниле 2 %. На оваа анкетна констатација, од вкупно 100 анкетирани родители кои зедоа учество во процесот на истражување во магистерскиот труд, немаше родители коишто немаат одговор (0 %).

Со статистичка обработка на податоците добиени од оваа анкетна констатација добиена е просечна оценка од 3,58 со што за оваа констатација децата на возраст од нула до три години, исто така, постигнаа добри резултати на скалилото од еден до пет.



Графикон број 5

Способноста да се реагира на одреден глас, да се препознае веќе слушнат глас, да се реагира на студ, на топлина или на болка, се битен елемент и фактор кај децата од нула до три години во процесот на правилен и ефикасен когнитивен раст и развој.

На графиконот број 5 се претставени статистички добиените резултати од анкетирањето на родителите чии деца се на возраст од нула до три години на анкетната констатација број 5.

На графиконот број 5 се претставени добиените резултати од процесот на анкетирање каде што на анкетната констатација дали анкетираните родители се задоволни од способноста на нивните деца да реагираат на познати гласови, на нови гласови, на студ, на топлина, на болка, на глад, како целосно задоволни се изјасниле 75 %, делумно задоволни се 23 %, додека како незадоволни се изјасниле 2%. На оваа анкетна

констатација немаат анкетирани лица (родители на деца од нула до три години) кои активно зедоа учество во рпсоцесот на истражување во магистерскиот труд кои одговориле дека немаат одговор.

Со статистичка обработка на добиените податоци од оваа анкетна констатација добиена е просечна оценка од 3,95 што на скалилото од еден до пет е оценето како многу добро што е солиден индикатор дека децата кои се предмет на истражување во магистерскиот труд на возраст од нула до три години во поглед на оваа констатација постигнаа многу добри резултати.

Со статистичка обработка на просечните оценки од сите констатации кај деца од нула до три години е добиена просечна оценка од 3,95 со што можеме да констатираме дека на скалилото од еден до пет, децата на оваа возраст постигнаа многу добри резултати во поглед на нивниот когнитивен раст и развој.

(Родители чии деца се на возраст од нула до три години)

	Задоволни	Делимично задоволни	Незадоволни	Без одговор	$\overline{X}$	min	max	SD	CV
Способност да истражува и да открива нови работи, нови предмети	**85**	**15**	**0**	**0**	**25**	**0**	**85**	**35,17**	**141%**

Сподобност да ги користат сетилата (допир, мирис, вкус) во спознавањето на нови работи	**68**	**30**	**2**	**0**	**25**	**0**	**68**	**24,60**	**98%**
Способност за препознавање на предмети и на живи луѓе (родители, сестра, брат, или некој од потесното семејство)	**60**	**35**	**5**	**0**	**25**	**0**	**60**	**21,67**	**87%**
Способност за користење на зборови за да комуницира	**62**	**36**	**2**	**0**	**25**	**0**	**62**	**25,7**	**103%**
Способност да реагира на глас, студ, топлина, болка	**75**	**23**	**2**	**0**	**25**	**0**	**75**	**27,04**	**108%**

На табелата број 2 се претставени добиените резултат од статистичката обработка на резултатите кои беа добиени од извршеното испитување и истражување на терен кај конкретните примероци на анкетирани лица кои зедоа учество во процесот на истражување.

Притоа, со статистичка обработка на податоците добиени од анкетниот прашалник број 1, на прашањето број 1, како анкетираните родители се задоволни во поглед на способнота на нивното дете да истражува и да открива нови работи, нови предмети, од добиените одговори добиено е min=0 и max=85. Просечната аритметичка средина на ова прашање според добиените одговори е $\bar{x}$=25. Просечното отстапување од просечната вредност за на првото прашање од анкетниот прашалник е SD=35,17. Варијабилитетот со статистичка обработка на податоците на првото прашање според добиените резултати е CV=141%.

Според добиените одговори од второто прашање, дали децата имаат сподобност да ги користат сетилата за допир, мирис и вкус во спознавањето на нови работи, добиена е средна аритметичка средина од $\bar{x}$=25. Минималниот број на резултатот од добиените одговори е min=0, додека максималниот број на добиени одговори од анкетираните родители и добиените одговори е max=68.

Просечното отстапување од просечната вредност на второто прашање од анкетниот прашалник број 1 е SD=24,60 додека варијабилитетот на ова прашање изнесува CV=98%.

На третото прашање од анкетниот прашалник број 1 на којшто одговараа вкупно 100 анкетирани родители, според статистичката обработка на податоците и добиените резултати од истата средната аритметичка вредност на ова прашање, според добиените резултати е $\bar{x}$=25. Добиен е минимум од min=0, додека максимумот од добиените одговори е max=60. Просечното отстапување од просечната вредност на ова прашање е SD=21,67 додека варијабилноста од ова прашање е CV=87%

Со статистичка обработка на податоците од анкетниот прашалник број 1, на прашањето број 4, според добиените одговори добиена е средна аритметичка средина од $\bar{x}$=25. Добиен е минимум од min=0, додека максимумот изнесува max=62. Просечното отстапување од просечната вредност на ова прашање е SD=25,7, додека варијабилитетот изнесува CV=103%.

На последното прашање од анкетниот прашалник број 1 добиени се резултати, така што според добиените резултати од одговорите добиена е средна аритметичка вредност од $\bar{x}$=25. Исто така, добиен е min=0 и max=75 според добиените одговори од анкетираните родители. Просечното отстапување од просечната вредност на ова прашање е SD=27,04 и варијабилноста изнесува CV=108%.

(Анкетирани родители чии деца се на возраст од три до шест години)												
	n	Задоволни		Делимично задоволни		Незадоволни		Без одговор		Вкупно ∑		Просечна оцена
		n	**%**	**n**	**%**	**n**	**%**	**n**	**%**	**n**	**%**	
Одржува рамнотежа при трчање, стабилно е и не прави падови (покажува висок степен на контрола и рамнотежа)	100	95	95%	5	5%	0	0%	0	0%	100	100,00	**4,65**
Самостојно пројавува интерес за лична хигиена	100	80	80%	17	17%	3	0%	0	0%	100	100,00	**4,10**
Комуникативно е, сака нови познанства, се дружи, лесно се вклопува во нова средина и лесно се прилагодува на ново друштво	100	98	98%	2	2%	0	0%	0	0%	100	100,00	**4,85**
Лесно се вклучува во разговор, го разбира она што го слуша и соодветно реагира и одговара	100	91	91%	9	9%	0	0%	0	0%	100	100,00	**4,50**
Пишува, чита, брои, има перцепција за време и простор и пројавува интерес за одредени науки или странски јазик	100	62	62%	31	31%	7	7%	0	0%	100	100,00	**3,70**

На табелата број 2 се претставени добиените резултати од статистичката обработка на податоците каде што во просцесот на истажување зедаоа учество 100 родители чии деца се на возраст од три до шест години. Според тоа, поставени се вкупно пет клучни алатки со кои можеме да добиеме една слика за степенот на правилен раст и развој на децата од оваа група кои беа предмет на истражување во магистерскиот труд.



Графикон број 6

На графиконот број 6 се претставени добиените резултати од статистичката обработка на податоците од анкетниот лист број 2 во кој беа вклучени 100 родители чии деца се на возраст од три до шест години.

Еден од клучните сегменти на правилен физички развој на децата во претшколска возраст е правилно и физички да се развиваат и да растат.

На графиконот број 6 се претставени добиените резултати од статистичката обработка на податоците од анкетниотн лист број 2 на анкетната констатација број 1. Притоа, на констатацијата дали децата на возраст од три до шест години успешно ја држуваат рамнотежата при трчање, стабилни се, не прават падови и покажуваат висок степен на самоконтрола и рамнотежа, од вкупно 100 анкетирани родители на деца од три

до шест години целосно се задоволни 95 %, делумно се задоволни 5%, додека нема родители коишто не се задоволни или немаат одговор (0 %).

Со статистичка обработка на добиените податоци од оваа констатација добиена е просечна оценка од 4,65 што укажува на фактот дека децата на возраст од три до шест години по однос на оваа констатација, а од одговорите кои беа добиени од анкетираните родители постигнуваат одлични резултати во поглед на когнитивниот раст и развој.



Графикон број 7

Навиките за личната хигиена, исто така, се клучен фактор за правилен когнитивен раст и развој кај децата од претшколска возраст. Одржувањето на личната хигиена треба да биде навика на секое дете од најрани години.

На графиконот број 7 се претставени добиените резултати од статистичката обработка на податоците од анкетниот лист број 2, на анкетната констатација број 2, во која вкупно одговараа 100 родители чии деца се на возраст од три до шест години.

Притоа, на анкетната констатација дали сте задоволни од вашите деца во начинот на кој појавуваат интерес за редовна лична хигиена, како целосно задоволни се изјасниле 80 % од вкупниот број анкетирани лица, делумно се задоволни 17 %, како незадоволни се изјасниле 3 % и нема родители коишто немаат одговор (0 % од вкупниот број анкетирани лица кои активно зедоа учество во процесот на истражување во магистерскиот труд).

Со статистичка пресметка на податоците и резултатите добиена е просечна оценка за оваа констатација од 4,10 што е резултат од многу добро на скалилото од еден до пет во

поглед на тоа колку и како децата на оваа возраст пројавуваат интерес за својата лична хигиена.



Графикон број 8

Комуникацијата на децата на возраст од три до шест години е клучен индикатор за говорните способности на детето кое е во период на когнитивен раст и развој. Комуникативните способности се многу битни за созревање на едно дете пред да тргне во училиште. Комуникацијата во иднина би му помогнала да се справи со низа задачи и препреки уште од почетокот на неговото тргнување во училиште.

На графиконот број 8 се претставени статистички обработените резултати од анкетниот лист број 2, на анкетната констатација број 3, на која одговор даваа 100 родители чии деца се на возраст од три до шест години.

Притоа, на анкетната констатација дали сте задоволни и во која мера од комуникативноста на вашето дете, дали истото сака нови познанства, во која мера се вклопува во нова средина и нови друштва и дали истото прифаќа нови средини и друштва, како целосно задоволни се изјасниле 98 %, делумно задоволни се 2 %, како незадоволни се

изјасниле 0% додека без одговор биле 0% од вкупно 100 родители на деца од три до шест години.

Со статистичка обработка на добиените податоци од оваа констатација на скалата од еден до пет добиена е просечна оценка за оваа констатација од 4,85, така што според скалата за оценување од еден до пет постигнати се одлични резултати во поглед на оваа констатација.




Графикон број 9

Покрај вклопувањето во нова средина, вклопувањето во разговор на одредени теми е, исто така, една од клучните сегменти за нормален когнитивен развој на децата од три до шест години односно на децата во претшколска возраст.

На графиконот број 9 се претставени добиените резултати од статистичката обработка на податоците од анкетниот лист број 2, на анкетната констатација број 4, на која вкупно свој одговор дадоа 100 родители чии деца се на возраст од три до шест години.

На анкетната констатација односно на анкетното прашање дали децата на анкетираните родители лесно се вклопуваат во разговор, го разбираат она што го слушаат и соодветно одговараат и реагираат на кажаното, како целосно задоволни се изјасниле 91 %, делумно задоволни 9 %, незадоволн 0 % и без одговор на оваа констатација биле 0 % од вкупниот број анкетирани родители кои зедоа учество во процесот на истражување и анкетирање.

Со статистичка обработка на добиените одговори од ова прашање добиена е просечна оценка од 4,50 што на скалилата од еден до пет, оваа констатација, според добиените одговори е оценета како одлична во поглед на децата од три до шест години соодветно да се вклопуваат во разгвор, да разбираат што им се кажува и да даваат одговори кога ќе бидат прашани за некоја проблематика.



Графикон број 10

Пишувањето, читањето, броењето, перцепцијата за време и простор и појавувањето интерес за одредени науки или странски јазик е последен чекор во когнитивниот раст и развој пред детето да тргне во училиште и да почне со посериозни обврски од времето кога било во претшколска возраст.

На графикон број 10 се претставени добиените резултати од статистичката обработка на одговорите кои беа добиени од анкетниот лист број 2, на анкетното прашање број 5, во кој одговор на прашањето дадоа 100 родители на деца на возраст од три до шест години. Притоа, на анкетната констатација односно анкетното прашање дали анкетираните родители се задоволни од начинот на кој нивното дете појавува интерес за пишување, цртање, боење, има перцепрција за време и простор, појавува интерес за одредени науки и одреден странски јазик, како целосно задоволни се изјасниле 62 % од вкупниот број анкетирани родители. Како декумно задоволни се изјасниле 31 %, додека незадоволни родители од оваа анкетна констатација се 7 %.

На оваа анкетна констатација односно на ова прашање нема родители коишто немаат одговор(0% од вкупно 100 анкетирани родители кои активно зедоа учество во процеост на истражување во магистерскиот труд).

Со статистичка обработка на податоците од добиените одговори на оваа констатација добиена е просечна оценка од 3,70 што на скалилото од еден до пет е оценета како многу добра.

(Родители чии деца се на возраст од три до шест години)

	Задоволни	Делимично задоволни	Незадоволни	Без одговор					
					$\overline{X}$	**min**	**max**	**SD**	**CV**
Одржува рамнотежа при трчање, стабилно е и не прави падови (покажува висок степен на контрола и	**95**	**5**	**0**	**0**	**25**	**0**	**95**	**40,46**	**162%**

рамнотежа)									
Самостојно појавува интерес за лична хигиена	**80**	**17**	**3**	**0**	**25**	**0**	**80**	**32,39**	**130%**
Комуникативно е, сака нови познанства, се дружи, лесно се вклопува во нова средина и лесно се прилагодува на ново друштво	**98**	**2**	**0**	**0**	**25**	**0**	**98**	**42,15**	**169%**
Лесно се вклучува во разговор, го разбира она што го слуша и соодветно реагира и одговара	**91**	**9**	**0**	**0**	**25**	**0**	**91**	**38,28**	**153%**
Пишува, чита, брои, има перцепција за време, простор и појавува интерес за одредени науки или странски јазик	**62**	**31**	**7**	**0**	**25**	**0**	**62**	**24,25**	**97%**

Табела број 4

На табелата број 4 се претставени добиените резултати од статистичката обработка на податоците од анкетниот прашалник број 2.

Според добиените одговори на првото прашање каде беа анкетирани 100 родители, добиена е средна аритметичка средина од $\bar{x}$=25. Минималниот број на резултатот од добиените одговори е min=0, додека максималниот број на добиени одговори од анкетираните родители и добиените одгвоори е max=95. Просечното отстапување од просечната вредност на првото прашање од анкетниот прашалник е SD=40,46. Варијабилитетот со статистичка обработка на податоците на првото прашање според добиените резултати е CV=162%.

Според добиените одговори од прашањето број 2 каде што беа анкетирани 100 родители, добиена е средна аритметичка средина од $\bar{x}$=25. Минималниот број на резултатот од добиените одговори е min=0, додека максималниот број на добиени одговори од анкетираните родители и добиените одговори е max=80. Просечното отстапување од просечната вредност на првото прашање од анкетниот прашалник е SD=32,39.

Варијабилитетот со статистичка обработка на податоците на првото прашање, според добиените резултати е CV=130%.

На третото прашање од анкетниот прашалник број 2 на кој одговараа вкупно 100 анкетирани родители, според статистичката обработка на податоците и добиените резултати од истата средната аритметичка вредност на ова прашање според добиените резултати од ова прашање е $\bar{x}$=25. Добиен е минимум од min=0, додека максимумот од добиените одговори е max=98. Просечното отстапување од просечната вредност на ова прашање е SD=42,15, додека варијабилноста од ова прашање е CV=169%

Со статистичка обработка на податоците од анкетниот прашалник број 2, на прашањето број 4, според добиените одговори добиена е средна аритметичка средина од $\bar{x}$=25. Добиен е минимум од min=0, додека максимумот изнесува max=91. Просечното отстапување од просечната вредност на ова прашање е SD=38,28, додека варијабилитетот изнесува CV=153%.

На прашањето број 5 од анкетниот прашалник број 2, одговараа вкупно 100 доброволно анкетирани родители. Со статистичка обработка на добиените податоци добиена е средна аритметичка средина од $\bar{x}$=25. Добиен е min=0 и max=62. Просечното отстапување од просечната вредност на ова прашање изнесува SD=24,25. Варијабилноста, според добиените податоци на ова прашање, изнесува CV=97%.

Деца од нула до три години	**Опис, карактеристики, забелешки и препораки**	**Оценка од еден до пет**	**Деца од три до шест години**	**Опис и карактеристки**	**Оценка од еден до пет**
120	Децата кои беа предмет на истражување самостојно се обидуваат да одат, покажаа висок интерес за откривање нови работи, новите предмети им беа интересни и пројавија интерес за игра со нив **Забелешка и препорака:**	3,90	110	Рамнотежа, трчање, спорт, интерес за одредени спортови **Забелешка и препорака:** Поголемиот дел од времето детето во овие години и на оваа возраст нека поминува со одредени	4,40

	Охрабрете ги децата самостојно да се движат, новите предмети и новите играчки да ги проучуваат бидејќи така повеќе ја развиваат нивната меморија и имаат успешен когнитивен раст и развој			спортски активности	
120	Децата кои беа предмет на истражување имаат осет за мирис и вкус, знаат да препознаат благо од солено или кисело, осетот за жешко или премногу ладно не им е толку развиен додека не дојдат во директен контакт со него. **Забелешка и препорака:** Учете го детето да препознава топло, ладно, жешко и да препознава кисело и благо со континуирана работа со него	3,80	110	Лична хигиена **Забелешка и препорака:** Работете со детето да појави свест и интерес за лична хигиена, за миење на заби, за редовно капење, за средување на својата облека и својата соба	4,55
120	Способност за препознавање на живи луѓе, луѓе од потесното семејство (брат сестра, мајка, татко, баба...) **Забелешка и препорака** Набљудувајте го детето. Бидете во негова близина подготвени да му помогнете.	4,10	110	Разговор и комуникација **Забелешка и препорака:** Говорете постојано со детето, следете го неговото комуницирање, постојано зборувајте со него и прашувајте го за случки од минатото или од блиската иднина со цел да развива способност за говор и комуникација	4,35
120	Користење на зборови за комуникација Забелешка и препорака: Зборувајте со детето, користете ја секоја минута да бидете со него, посветувајте му поголемо внимание	4,00	110	Пишување, читање, броење, интерес за одреден предмет, интерес за странски јазик Забелешка и препорака: Створете навика кај детето да чита, да пишува, да брои, редовно испрашувајте го за прочитаниот текст за да го прераскаже, пренасочувајте го кон предметите за кои појавува интерес и редовно нека има навика за учење и изучување на одреден странски јазик.	4,00
	Просечна оценка	3,95		Просечна оценка	4,33

На табелата број 5 се претставени добиените резултати од истражувањето на терен кои беа изведени директно врз децата од претшколска возраст. Притоа, децата од анкетираните родители беа поделени во две групи и тоа: деца од нула до тригодишна возраст и деца од три до шестгодишна возраст. Истражувањето траеше шест месеци и тоа од јули до декември 2019 година.

При процесот на истражување секое дете е посебно оценувано за постапките и карактеристиките кои беа претходно поставени со што, на крајот, посебно за секоја графа, беа добиени просечни оценки за секоја група децаод претшколска возраст кои беа предмет на истражување во магистерскиот труд.

Во истражувањето кое беше одржано на деца од нула до три години во поглед на нивниот когнитивен развој, главен аспект се одвиваше на тоа колку децата во овој период пројавуваат интерес за откривање нови работи, нови предмети, интерес самостојно да се движат, самостојно да се подигнуваат на две нозе, да паткаат и притоа да ги повторуваат овие постапки, да реагираат на одредени вкусови, да реагираат на зголемена температура или намалена температура, способност за препознавање луѓе од своето потесно семејство (брат, сестра, мајка, татко, баба, дедо), да користат одредени зборови, па во некои случаи и целосни реченици при комуницирањето, оценети се со просечна оценка 3,95 што е многу добро на скалилото од еден до пет гледано во рамките на вкупно 120 тестирани деца на возраст од нула до три години.

Во овој временски квартал направено е оценување и следење на деца од три до шестгодишна возраст. Испитувани, следени и оценувани се вкупно 110 деца на оваа возраст, а главен фокус се даде на тоа колку во овој период на оваа возраст децата пројавуваат интерес за трчање, за држење рамнотежа, желба за спорт, одржување на личната хигиена и хигиена на просторијата каде што престојуваат, способност да комуницираат, да разговараат и да одговараат на поставени прашања вклучувајќи ја притоа и личната меморија или интелигенција, интересот за читање, за пишување, за броење, интерес за одредена наука или одреден предмет, интерес за изучување на одреден странски јазик како и создавање работни навики добиена е просечна оценка од 4,33 што е оценето со многу добро на скалата од еден до пет гледано во рамките на вкупно 110 испитани и тестирани деца на возраст од три до шест години.

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Воспитувањето, како сложен процес на деца, претставува најтешката, но и најодговорна задача со која луѓето се соочуваат. Од друга страна, пак, треба да напоменеме дека тоа е задача за која тие добиваат најмалку формална обука. Знаењето на родителите за тоа како да ги воспитаат своите деца или своето дете, вообичаено доаѓа од нивните секојдневни опкружувања, нивните искуства, но исто така и од начинот на кој тие биле воспитувани. Ова може да резултира во формирање на целосни и сложени модели од социјалните искуства на родителите кои ги повторуваат, но исто така и им ги пренесуваат на сопствените деца во процесот на воспитување.

Воспитанието е процес на формирање на човекот, изградување и обликување на човечкото суштество со сите негови телесни, интелектуални, морални, естетски и работни особини. Воспитанието како целенасочен процес има единствена цел „развој на комплетна личност“ и истата се остварува преку активности и воспитни влијанија во доменот на физичкото, интелектуалното, моралното, естетското и работното воспитание. Растот, развојот и созревањето се едни од најчесто употребуваните термини кога зборуваме за децата. Растот и созревањето, иако се однесуваат на специфични биолошки активности, често се употребуваат како синоними, додека развојот има пошироко значење.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Анастасовски, А. (2001) Методика на физичко воспитание, Скопје: Просветно дело.

2. Дамовска, Л., Шеху, Ф., Јанева, С., Палчевска, С., Самарџиска, Љ. (2009) Стандарди за рано учење и развој кај децата од 0 – 6 години, Скопје: Министерство за труд и социјална политика.

3. Findak,V. (2003) Metodika tjelesne i zdravstvene kulture u pretškolskom odgoju, Zagreb: Školska knjiga

4. Findak,V. (2000) Tjelesna I zdravstvena kultura u osnovnoj školi, Zagreb: Školska knjiga

5. Findak,V. (2003) Metodika tjelesne i zdravstvene kulture,Zagreb: Školska knjiga

6. Lekić, Đ. (2001) Metodika razredne nastave, Nova prosveta, Beograd 7. Каменов, Е. (2001) Предучилишна педагогија, Скопје: Просветно дело.

8. Klincarov, I. & Popeska, B. (2011) Model for physical education content standards at early stages of primary education in the Republic of Macedonia, In Proceedings book of the 6th FIEP-EUROPE Congress "Physical Education in the 21st cenutry – pupils competence" (250 - 256). Poreč: Croatian Kinesiology Federation.

9. Клинчаров, И., Попеска, Б (2011) Практикум по основи на физичко образование со методика за одделенска настава, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“.

10. Клинчаров, И., Попеска, Б (2011) Практикум по основи на физичко воспитание со методика за предучилишно воспитание, Штип: Универзитет „Гоце Делчев“.

11. Kragujevčić, G. (2000) Metodika nastave fizičkog vaspitanja, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva, Beograd. 12. Matić, M. (2003) Čas telesnog vežbanja, Budućnost, Zrenjanin

13. Маринов, Б., Атанасиу, М. (2009) Регилиране на физическото натоварениое на учениците в процеса на обучение по физическо въспитание, Бинс, София. 14. Милева.Е. (2009) Педагогика на физическото възпитание и спорта, София: Авангард Прима.

15. Министерство за образование и наука. (2007) Иновирана наставна програма – Физичко и здравствено образование – Осумгодишно образование – I одделение, Скопје: Биро за развој на образованието.

16. Министерство за образование и наука. (2006) Основи на програмата за воспитно-образовна работа со деца од предучилишна возраст во јавните детски градинки, Скопје: Биро за развој на образованието.

17. Neamt, S. & Tallack, J. (2001) Good practice in impletenting the pre - school ciriculum, London: Stanly Thovhes.

18. Perič. D. (2003) Više od igre, Ašković, Beograd

19. Petrović, J. (2007) Metodika sportske gimnastike. Beograd: NIP "Partizan"

20. Porkonjak, N., Đorđevič, J. (2003) Pedagogija, Naučna knjiga, Beograd

21. Popeska, B. & Mitevska, K. (2009). Methodic aspects of realization of physical education teaching process according to development characteristics at 6 and 7 years old children. XV Научна конференция, катедра Психология, педагогика и социология, НСА „Васил Левски“, Личност. Мотивация. Спорт (во печат).

22. Рачев, К., Матеева, Н., Дражева., Алпиева, В., Маринов, Б., Петров, Л., Христосков,П., Стоев,В.(2009) Теория и методика на физическото възпитание, София: НСА Прес.

23. Schmidt, R.A. & Wrisberg, C.A. (2003) Motor learning and performance. Champaign: Human Kinetic, Illinois.

24. Šimleša, P. (2001) Suvremena nastava, Zagreb.

25. Тодоровски, Д. (2007) Методика на физичко образование, Штип: Педагошки факултет.

26. Тодоровски, Д (2009) Детето и физичкото воспитание, скрипта.

27. Vilotievič. M (2000) Didaktika, Beograd: Naučna Knjiga

28. Muijs, D., Reynolds, D. (2006), Efective teaching - Evidence and Practice, Thousand Oaks, New Delhi: SAGE Publications.

29. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија: 2005-2015, (2005) Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија

30. Pavlović - Breneselović, D. (2001), Razvijanje samostalnosti kod dece predškolskog uzrasta: stavovi i postupci vaspitača, Diplomski rad odbranjen na Filozofskom fakultetu u Beogradu.

31.Pavlović - Breneselović, D. (2000), Položaj deteta u dečjem vrtću i prvom razredu osnovne škole, Beograd, IPA.

32. Pavlović - Breneselović, D., Pavlovski, T. (2001), Timski rad u vaspitnoj praksi, Priručnik. Beograd: Filozofski fakultet, Centar za interaktivnu pedagogiju.

33. Каменов, Е. (2003). Предучилищна педагогија (книга втора). Скопје: Просветно дело.

34. Leskošek, J. (2000). Teorijafizičke kulture. Beograd: Partizan.

35. Lisina, M., Njeverović, Z. (2000), Razvoj motorike i formiranje motornih navika. (175-226).

36. Mala enciklopedija (2002), Beograd: Prosveta.

37. Martner, J. (2000). Workshop: Self Esteem in young Children, South West Human development.

38. Muijs, D., Reynolds, D. (2006), Efective teaching - Evidence and Practice, Thousand Oaks, New Delhi: SAGE Publications.

39. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија: 2005-2015, (2005) Скопје: Министерство за образование и наука на Р. Македонија

40. Pavlović - Breneselović, D. (2005), Razvijanje samostalnosti kod dece predškolskog uzrasta: stavovi i postupci vaspitača, Diplomski rad odbranjen na Filozofskom fakultetu u Beogradu.

41.Pavlović - Breneselović, D. (2002), Položaj deteta u dečjem vrtću i prvom razredu osnovne škole, Beograd, IPA.

42. Pavlović - Breneselović, D., Pavlovski, T. (2001), Timski rad u vaspitnoj praksi, Priručnik. Beogra: Filozofski fakultet, Centar za interaktivnu pedagogiju.

43. Кундрат, В., Медик, М. (2003), Вежби и игре лоптом: за децу предшколског узраста. Београд: Завод за учбенике и наставна стредства.

ПРИЛОЗИ

Анкетен прашалник број 1

Способнот да истражува и да открива нови работи, нови предмети

- Задоволни
- Делимично задоволни
- Незадоволни
- Без одговор

Сподобност да ги користи сетилата (допир, мирис, вкус) во спознавањето на нови работи

- Задоволни
- Делимично задоволни
- Незадоволни
- Без одговор

Способност за препознавање на предмети и на живи луѓе (родители, сестра, брат или некој од потесното семејство)

- Задоволни
- Делимично задоволни
- Незадоволни
- Без одговор

Способност за користење на зборови за да комуницира

- Задоволни
- Делимично задоволни
- Незадоволни
- Без одговор

Способност да реагира на глас, на студ, на топлина, на болка

- Задоволни
- Делимично задоволни
- Незадоволни
- Без одговор

Анкетен прашалник број 2

Одржува рамнотежа при трчање, стабилно е и не прави падови (покажува висок степен на контрола и рамнотежа)

- Задоволни
- Делимично задоволни
- Незадоволни
- Без одговор

Самостојно појавува интерес за лична хигиена

- Задоволни
- Делимично задоволни
- Незадоволни
- Без одговор

Комуникативно е, сака нови познанства, се дружи, лесно се вклопува во нова средина и лесно се прилагодува на ново друштво

- Задоволни
- Делимично задоволни
- Незадоволни
- Без одговор

Лесно се вклучува во разговор, го разбира она што го слуша и соодветно реагира и одговара

- Задоволни
- Делимично задоволни
- Незадоволни
- Без одговор

Пишува, чита, брои, има перцепција за време и простор и појавува интерес за одредени науки или странски јазик

- Задоволни
- Делимично задоволни

- Незадоволни
- Без одговор